Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia

# **ПРОГРАМА** ЗА РАБОТА
# **PROGRAMI** PËR PUNË
# **ANNUAL PLAN** OF ACTION

# 2021

# СОДРЖИНА


ВОВЕД 3

ГЛОБАЛНИ ТРЕНДОВИ И ХУМАНИТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ 4

АДАПТАЦИЈА НА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО КОН СОСТОЈБИТЕ НАСТАНАТИ ЗАРАДИ ПАНДЕМИЈАТА КОВИД - 19 6

УЛОГАТА НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ РАМКИ 7

ПРОЦЕС НА ПЛАНИРАЊЕ ВО ЦРВЕН КРСТ НА РСМ 8

ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ 9

НОРМАТИВНА РАМКА 10

МЕНАЏМЕНТ НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ 11

МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 13

ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ И МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ ОД КОРПОРАТИВЕН СЕКТОР 14

ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ВО 2021 ГОДИНА 16

СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ 17

ЗДРАВСТВЕНО - ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ 21

ПРВА ПОМОШ 23

КРВОДАРИТЕЛСТВО 25

ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ 27

ПРОГРАМА ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА МИГРАНТИ/БЕГАЛЦИ ВО РСМ 30

ДИСЕМИНАЦИЈА 31

“ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ” 33

ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ 34

КОМУНИКАЦИИ И СОВРЕМЕНИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ ПРОЦЕС 35

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА 36

БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА 38


Користени кратенки

Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на РСМ
Република Северна Македонија - РСМ
Општинска Организација на Црвен крст – ООЦК
Црвен крст на град Скопје – ЦКГ Скопје
Прва Помош - ПП
Психолошка Прва Помош - ППП
Психо-Социјална Поддршка - ПСП
Меѓународно Хуманитарно Право - МХП

# ВОВЕД

Нашата работа се заснова на принципот од луѓе за луѓе. Ние сме организација на волонтери кои ги помагаат своите сограѓани во заедниците каде живеат. Заедно градиме подобро општество. Нашата визија е да обезбедиме достоинствен живот, мир, безбедност, толеранција и добросостојба за сите. Нашите основни начела се хуманите вредности и основните принципи на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Денес во општественото опкружување предизвиците се честопати непредвидливи. Но нашите принципи се исти. Да им се помогне на луѓето кои се нашле во незавидна состојба. Тоа се нашите заложби од далечната 1945 година кога е формирана нашата организација. Црвениот крст на РСМ како помошник на институциите во државата, согласно со својата мисија и мандат, преку своите сервиси и услуги и хуманитарна работа дава посебен придонес во справување со различни предизвици за подобрување на добросостојбата на граѓаните во државата. Несомнено, еден од клучните предизвици и годинава ќе биде справување со последиците од пандемијата предизвикана од КОВИД-19 и значителен дел од нашите ресурси ќе бидат насочени кон ублажување на последиците и обезбедување на поддршка за различни целни категории за промовирање на здравјето на луѓето.

Продолжуваме да работиме во обезбедување на сервиси и услуги за унапредување на социјалната и здравствената добросостојба на граѓаните. Ќе ги инвестираме нашите ресурси и компетенции и ќе мобилизираме средства за справување со хуманитарни предизвици кои произлегуваат како резултат на климатските промени и природните катастрофи кои за жал се се повеќе присутни на нашите простори. Наша цел и понатаму е да бидеме лидери во одредени хуманитарни области како што се првата помош, промовирање на навики за здраво живеење, промовирање на волонтерството, дисеминирање на хуманите вредности и меѓународното хуманитарно право, обезбедување на поддршка за мигрантите, бездомниците и други социјално погодени групи во државата, анимирање и поддршка за младите и лицата од третото доба, поддршка на лица со попреченост, помош и нега на старите лица и лица со попреченост во домашни услови, санитетски транспорт за неподвижни или тешко подвижни лица, пружање на прва психолошка помош и психосоцијална поддршка, подигање на свеста за подготвеност и заштита од катастрофи, безбедност на вода и планина, и многу други активности кои се претставени на страниците од нашата Програма за работа во 2021 година.

На тој пат, благодарение на професионалноста, отчетноста и транспарентноста во работата континуирано ја уживаме поддршката на нашите партнери, компонентите на Движењето на Црвениот крст и Црвена полумесечина, Европската Унија, меѓународни агенции, државни институции и корпоративниот сектор, што ни овозможува и годинава да имаме палета на сервиси и услуги за различни целни ранливи категории во државата. Програмата за работа за 2021 претставува нашата основна рамка за планираните активности и обезбедените средства за имплементација на нашите програми и проекти. Програмата е инклузивна и нуди можности за соработка и вклучување на заинтересирани партнери, организации и лица заинтересирани за волонтирање во Црвениот крст, да се вклучат во предвидените активности, но и да се иницираат нови активности и иницијативи за опфаќање на различни целни групи кои имаат потреба од поддршка и сервисни услуги на Црвениот крст во тековната година. Бидете дел од нашите програми и иницијативи со надеж дека нашиот скромен придонес ќе значи подадена рака и подобро утре за луѓето кои се нашле во незавидна состојба. Сите заедно да направиме по нешто малку што за некого ќе значи многу.



д-р Саит Саити

генерален секретар



проф.др. Ромел Велев

претседател



# ГЛОБАЛНИ ТРЕНДОВИ И ХУМАНИТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Светот се соочува со голема економска, социјална и здравствена несигурност. Најголемите предизвици исправени пред човештвото денес се сиромаштијата, нееднаквоста, гладта, здравјето на луѓето и климатските промени. Секако еден од нив, ако не и најголемиот за многу земји останува справувањето со последиците од пандемијата од вирусот ковид-19. Рецесијата предизвикана со КОВИД-19 е единствена од повеќе аспекти и веројатно ќе биде најдлабока рецесија во напредните економии од II-та светска војна и прв пад на производството во новите и економиите во развој најмалку во последните 6 децении. Како резултат на пандемијата, на глобално ниво, очекувањата се, поради сериозното нарушување на домашната побарувачка и понуда, трговијата и финансиите, и економската активност на напредните економии да доживеат пад во споредба со 2020 година. Кризата ќе остави долготрајни последици и ќе доведе до крупни глобални предизвици. Пандемијата КОВИД-19 брзо метастазираше во скоро сите сегменти на општеството. Таа предизвика една од најголемите кризи во модерната историја, и ефектите на пандемијата длабоко ќе влијаат на животот на милијарди луѓе ширум светот, ќе ги разнишаат темелите на нашите модели на солидарност и ќе имаат влијание и врз работата на хуманитарен сектор. А тука се неизбежно и другите хуманитарни прашања. Кризите предизвикани од климатските промени, како што се студените и топлотните бранови. Поплавите и пожарите, сеизмичките случувања, миграциите и големиот наплив на мигранти, бегалци и азиланти, сиромаштијата, трговијата со луѓе, бездомништвото и поддршката за социјално погоденото население од последиците која ја носи економската криза. Болестите и вообичаените здравствени предизвици ги има се повеќе како резултат на новото време. Хуманитарните активности се секако под големо влијание на промените што се случуваат во општественото опкружување. Политичките случувања во многу земји донатори на хуманитарни програми ќе имаат влијание на надворешната политика поврзана со обезбедување помош и нејзино финансирање. Промените во глобалната динамика секако ќе влијаат на начинот на дизајнирање и организирање на финансирањето на помошта.

Во новото општествено опкружување, на владите повеќе не се гледа како единствени чинители одговорни за обезбедување или финансирање на активностите за обезбедување на јавното добро туку во новите корелации се промовираат нови рамки за соработка помеѓу различни сектори за подобро да се обезбеди соодветен одговор на најтешките предизвици на полето на развојот и во хуманитарната сфера. Сега повеќе од кога било, отсуството на севкупниот глобален развој наложува државните и недржавните чинители да ги усогласат интересите и можностите преку градење амбициозни коалиции кои кореспондираат на обемот на предизвиците што сакаме да ги решиме во хуманитарното опкружување. Новите сојузи, зголемениот ангажман и вклучувањето на различни чинители кои работат заедно значат обезбедување на различни расположливи структури за финансирање, поишироки ресурси, нови приливи на приходи и иновативни идеи насочени кон овозможување на социјални промени кои ќе го овозможат посакуваното влијание во нашите заедници. Во сегашното опкружување, динамиката не е статична, туку брзо движечка. Голема е веројатноста да се појават и други фактори кои ќе влијаат врз севкупните состојби во општественото опкружување. Се поставува прашањето, на кој начин треба да се подготвиме за новата реалност, која сè уште е нејасна во многу нешта. Како да се избалансира работата на хуманитарниот сектор наспроти очекуваните огромни потреби? На кој начин сегашната криза да ја искористиме како можност за спроведување на радикални промени, проактивно преобликување и репозиционирање на секторот за помош за да се овозможи заштита и решавање на приоритетните потреби на најранливите и маргинализираните луѓе во општеството. Стратешкиот избор кој ќе го направи секој чинител во хуманитарниот сектор денес, значително ќе влијае на соодветно позиционирање во светот утре.

Црвениот крст на Република Северна Македонија, како дел од хуманитарниот сектор, како помошник на властите и позициониран партнер во државата и во меѓународни рамки секако ќе го даде својот придонес за обезбедување на подобар живот за повеќе целни групи. Останува, сите заедно да се трансформираме, да бидеме поефективни, да мобилизираме поддршка, да го работиме тоа што најдобро го знаеме во интерес на нашите корисници на услуги.



## НАШИ ПАРТНЕРИ

Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина во своето над 160 годишно дејствување низ светот својата работа ја развива во партнерска релација со заедниците и корисниците кои имаат потреба од поддршка и помош. Одржувањето на довербата и транспарентноста пред целните групи на корисници и јавноста, властите, медиумите, донаторите и соработниците, се основен предуслов за градење проактивни пристапи и континуитет во напорите за подобрување на животот на ранливото население. Партнерската соработка со институциите и организациите на локално и национално ниво ќе игра посебно важна улога во 2021 година. Уредување на добрите практики на соработка со националните институции во државата преку потпишување на договори и меморандуми за разбирање на национално и локално ниво е добар предуслов за соработка и заемно почитување. Во 2021 година посебно внимание ќе биде посветено и на унапредување на соработката со граѓански здруженија кои дејствуваат на исти или слични програми и истовремено ги почитуваат принципите на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Нашите долгогодишни партнери во рамките на Движењето како Меѓународната Федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвена полумесечина и Меѓународниот Комитет на Црвен крст, Австриског Црвен крст, Италијанскиот Црвен крст, Швајцарскиот Црвен крст, Германскиот Црвен крст, како и повеќето национални друштва во регионот се застапени со материјална, техничка и финансиска поддршка, но и со размена на искуства и експертиза која значително придонесува во одржувањето, развивањето и иновацијата на нашите сервиси. Соработката со корпоративниот сектор е клучна во нашата организација. Градење на корпоративна стратегија за нашето друштво ќе биде круцијална во престојниот период. Таа ќе преставува врска помеѓу нашата мисија и соработката со корпоративниот сектор и ќе придонесе за подобрување на нашиот деловен перформанс.



# АДАПТАЦИЈА НА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО КОН СОСТОЈБИТЕ НАСТАНАТИ ЗАРАДИ ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД - 19

Со ширењето на пандемијата со Ковид – 19 во светски рамки, националното друштво разви нов концепт за одговор на потребите на погоденото население како и подготовки за адаптација на можните сценарија кои веќе се случуваа во други држави. По појавата на првите случаи и идентификувани кластери на заболени лица во нашата држава, следејќи го развојот на целата ситуација, долгорочните прогнози на надлежните органи и имајќи ги во предвид донесените мерки и препораки на Владата на РСМ за заштита од КОВИД – 19, Црвениот крст на РСМ ја адаптираше својата работа и направи нова приоритетизација на своите активности.

Активностите во 2021 година ќе се реализираат преку соодветни форми и начини за намалување на директен контакт со корисниците и соработниците, што е секако предизвик, имајќи предвид дека нашите вообичаени методи на работа се преку постојаната физичка присутност во заедниците и директната комуникација со целните групи. Комуникацијата и контактите ќе се адаптираат и спроведуваат преку примена на информатичките технологии и виртуелните платформи, со исклучок на најитните случаи кои имаа потреба од неопходна помош. Со оглед со најавите поврзани со КОВИД- 19, националното друштво ги адаптираше тековните програми и планирани активности во 2021 година согласно безбедносните мерки, со цел да се обезбеди ефикасна испорака на сервиси и активности за корисниците.

Развивањето на програмските активности за психо-социјална поддршка на корисниците, волонтерите и вработените ќе биде помеѓу приоритетните програмски активности кои се наметнуваат во новата ситуација. Курсевите за обуки по прва помош на кандидатите за возачи и претставници од работните организации, модулите за спроведување на превентивни едукации и одредени сервиси, ќе се редизајнираат за да може да се имплементираат преку онлајн платформи. Секојдневното работење, состаноците на органите, телата и работните комисии во организацијата ќе се спроведуваат согласно донесените мерки, за да се намали ризикот од изложеност и пренесување на корона вирусот помеѓу волонтерите и вработените. Со рационалното работење, ставањето на располагање на сите свои ресурси и одржувањето на квалитетот на испорачаните сервиси, националното друштво ќе работи на исполнување на својот мандат и одговорности согласно со законските прописи во државата и актите на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина.



# УЛОГАТА НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ РАМКИ

Црвениот крст на РСМ со својот препознаен идентитет и доверена улога на помагател на властите во спроведување на активностите гради оперативни сојузи со соодветните ресорни министерства и агенции на национално, како и со локалните самоуправи на локално ниво. Размената на искуства, знаења и ресурси со националните и локалните чинители придонесува за зајакнување на капацитетите на организацијата и обезбедување на соодветна акција согласно со потребите на корисници на услуги.

Во своите напори за подобрување на животот на ранливото население и мобилизирање на помош за луѓето кои имаат потреба од хуманитарна помош, Црвениот крст на РСМ развива стратешки партнерства со компонентите на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина и меѓународните организации. Партнерските односи со други компоненти на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина ќе продолжат да се формализираат преку билатерални краткорочни и долгорочни договори за соработка во време на кризи, но и во време на мирни состојби што претставува можност за учење и размена на искуства, иницирање на регионални иницијативи за програмска надградба на капацитети или пак за билатерална или мултилатерална поддршка за воспоставување на одредени сервиси или проекти согласно програмите на националното друштво.

Во 2021 година ќе се имплементираат заеднички иницијативи преку програмски и проектни активности со нашите партнери како што се Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина и Меѓународниот Комитет на Црвен крст, националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, агенциите на Обединетите нации, Европската унија и други меѓународни организации. Црвениот крст на РСМ како членка на регионалната мрежа „Соседите помагаат први", ќе продолжи да биде активен партнер во регионот со другите национални друштва каде ќе ги стави на располагање своите материјални и човечки ресурси во случај на итна потреба.

Во 2021 година особен акцент ќе биде ставен на унапредување на билатералната соработка на општинските организации на локално ниво со организации на Црвен крст од други национални друштва со цел да се овозможи зајакнување на капацитетите, размена на искуства, стручна помош и отворање на можности за пристап до нови ресурси. Програмите и проектите кои ќе се имплементираат со меѓународна поддршка во 2021 година се интегрален дел на презентираните програмски дејности во овој документ.



# ПРОЦЕС НА ПЛАНИРАЊЕ ВО ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

**Стратегија 2030 на Црвен крст на РСМ.** Во 2020 година Црвениот крст на РСМ ја утврди нацрт Стратегијата 2030 на националното друштво врз основа на стратешката рамка на Меѓународната Федерација и детектираните развојни потреби на организацијата за претстојните десет години. Новата Стратегија е во согласност со нашите хуманитарни принципи и вредности, заснована врз долгата и единствена историја на Движењето, со заложба секогаш да излеземе во пресрет на приоритетните потреби на ранливите целни групи, посветено, независно, непристрасно и по пат на неутрално делување. Стратегијата утврдува насоки за делување во следната деценија кога се очекуваат многу промени во начинот на кој живееме и во видовите кризи и ранливости со кои веројатно ќе се соочиме. Стратегијата 2030 треба да ни овозможи и нов концепт на лидерството и носење одлуки на локално ниво - каде што локалните заедници ќе бидат центарот на нашите промени. Новата Стратегија треба да ни овозможи да стигнеме до маргинализираните и изолирани заедници кај што другите не можат. Тоа треба да го направиме преку зајакната доверба, транспарентно и одговорно пред заедниците, партнерите, надлежните органи, и донаторите.

**Планирање како дел од менаџмент процесот.** Процесот на планирање претставува суштински елемент во работата на една организација. Планирањето е суштина на добриот менаџмент и отчетност. Планирањето во организацијата на Црвен крст претставува процес на утврдување на селекција на активности и алоцирање на средства за приоритетизирање на чекори кои ќе ги преземеме во 2021 година со цел да се справиме со предизвиците и развојните потреби на националното друштво за да ги обезбедиме потребните сервиси и услуги за нашите корисници. Планирањето во организацијата во 2021 година се врши преку редовни координативни средби на генералниот секретар со раководителите и одговорните лица во организацијата со цел да се обезбеди навремена координација, и имплементација на предвидените програмски активности и усогласување со тековните состојби и потреби во државата. Во рамки на овие активности планирани се по најмалку две координативни планирачки средби со раководната и управната структура на националното друштво со цел да се обезбеди континуитет во работата и консултирање и интегрирање на потребите на општинските организации на Црвен крст / ЦКГ Скопје за функционално делување во локалните средини.

**Планирањето како средство за надградба на капацитети.** Имајќи предвид дека планирањето е суштински елемент во работата од кој во голема мера зависи и успешноста на нашата организација, во 2021 година ќе се работи континуирано на надградба на капацитетите на стручната служба на национално и локално ниво во однос на подобрување на компетенциите за планирање, со акцент на селектирање на приоритетни активности во ООЦК / ЦКГ Скопје кои значат развој и мобилизирање ресурси за потребите на интегралните делови на националното друштво. Овие фокусирани обуки ќе имаат за цел да се следи усогласеноста на годишната програма за работа со стратешките цели на организацијата и конкретните потреби на ООЦК/ЦКГ Скопје.

**Оперативно планирање.** Годишната програма за работа како дел од нашето планирање, претставува основа за операционализација на нашиот оперативен план кој има за цел да ги трансформира нашите стратешки цели во практични резултати на годишна основа. Оперативниот план за 2021 година е составен од нашите програми и проекти претставени во форма на индивидуални активности кои ги реализираме во тековната година на национална и локална основа. Оперативен план се изготвува врз основа на годишната програма за работа, и во него се структурирани и прикажани активностите со показатели, очекувани резултати и временска рамка за нивна имплементација.





# ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

Имајќи ги во предвид ефектите на кризата со која се соочи општеството како последица од корона вирусот во 2020 година, во 2021 година следствено се поставуваат развојни предизвици за Црвениот крст во повеќе полиња. Национално друштво кое е подготвено навремено и квалитетно да одговори на хуманитарните предизвици на ранливото население, а притоа и уживајќи ја довербата од своите партнери и целни групи, е основна цел на нашето работење за претстојниот период. За да се исполни оваа определба пред се е потребно да се одржи чекорот со развојот на околината, да се земе во предвид влијанието на дигиталната технологија, и навремено да се идентификуваат можностите за партнерства и мобилизирање на фондови.

**Главна цел:** Унапредени капацитети на организацијата за испорачување на одржливи релевантни сервиси, адаптирани на опкружувањето, преку мрежа на општински организации и волонтерски иницијативи, за ранливи категории на населението.

**Целни групи:** Вработени и волонтери на Црвен крст.

**Проценка на работата на општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.** Со цел добивање на реална слика на состојбите со човечките ресурси, идентификување на предизвици и приоритети за унапредување на работата и дефинирање на стратешките определби на локално ниво, од суштинско значење ќе биде спроведување на процес на процена и анализа на работата на ООЦК и ЦКГ Скопје. Процесот ќе се спроведе во првата половина од 2021 година и ќе претставува основа за надградба на капацитетите и целокупното дејствување на националното друштво.

**Планови за локален развој.** По спроведување на проценката на потребите за развој на ООЦК и ЦКГ Скопје, во 2021 година ќе се стави акцент на имплементација на планови за локален развој со акцент на приоритетите кои се идентификувани на локално ниво. Надградбата на капацитетите за мобилизирање на фондови и развивање на ефикасни партнерства со локалните и регионални институции и организации ќе бидат приоритет за поддршката од Централната канцеларија кон сите локални ограноци. Во еден координиран и заеднички пристап со локалните чинители, општинските организации ќе развијат планови што ќе го насочат локалното работење кон прераснување во влијателен или водечки актер во хуманитарните активности.

**Ефикасна мрежа за координиран одговор на потребите на ранливото население.** Согласно принципот на Единство, Црвениот крст на РСМ дејствува на целата територија на Република Северна Македонија и обезбедува насоки и поддршка во имплементацијата на програмските активности за ООЦК и ЦКГ Скопје. Ќе се иницираат регионални и национални средби на кои управната и раководната структура ќе можат да споделуваат искуства, иницираат заеднички активности и развој на национални политики.

**Фонд за развој на Црвениот крст на Република Северна Македонија.** Во рамките на воспоставениот систем за поддршка на општинските организации и Црвен крст на град Скопје преку Фондот, во 2021 година ќе се обезбеди поддршка на 7 развојни проекти иницирани од ООЦК и ЦКГ Скопје. Проектите поддржани од фондот имаат за цел да придонесат во надградбата на локалните капацитети, развивање на форми на дејствување, иницијативи и сервиси за ранливи целни групи.

## Очекувани резултати

- Спроведена проценка и анализа на работата на ООЦК и ЦКГ Скопје
- Подготвена стратешка рамка за развој за претстоен петгодишен период
- Унапредена соработка со релевантни институции на локално и национално ниво и имплементирани проекти за локален развој на организациите

# НОРМАТИВНА РАМКА

Црвениот крст на РСМ во својата работа особено внимание посветува на уредувањето на внатрешните процеси, прашања и функционирање преку интерни акти, подготвени и усвоени од органите и телата врз основа на Законот и Статутот на Црвен крст на РСМ. Следејќи го континуитетот Црвен крст на РСМ се залага за активна улога во предлагањето на иницијативи за измени и дополнувања на националното законодавство во областите тесно поврзани со работата на организацијата, донесување на нови акти и ревидирање на постојни, како и успешно следење и имплементација на истите.

**Главна цел:** Континуиран процес на надградба и имплементација на внатрешната нормативна рамка.

**Целни групи:** Раководна и управувачка структура на националното друштво, стручна служба и власти во државата.

**Соработка со властите во државата.** Активно учество во дијалог со властите и заедничка работа на иницијативи за измени и дополнувања на позитивни законски прописи од областа на зацврстување и унапредување на положбата на Црвениот крст.

**Размена на добри практики.** Во текот на годината ќе бидат спроведувани активности за подготовка, истражувања, разгледување на компаративни документи на други национални друштва за начинот на регулирање на конкретно прашање со цел споредбена анализа, остварување контакти и соработка со државните органи и подготовка на најдобро решение како предлог и иницијатива до носителите на власт.

**Збогатување на внатрешна нормативна рамка и континуирано ревидирање на интерни акти.** Редовно ќе се следат новини и измени во националното законодавство во оние области во рамки на кои се движат активностите на Црвениот крст и истите ќе бидат инкорпорирани во работата на националното друштво, како и новините и измените во Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Други активности на овој план ќе бидат во форма на учество на стручните соработници и помошните тела преку иницијативи и предлози, формирање на работни групи со членови со соодветно знаење и подготовка за конкретното прашање кое е предмет на регулирање.

**Имплементација на внатрешна нормативна рамка.** Организирање на обуки, работни и консултативни средби за запознавање на секретарите и стручните соработници на сите нивоа на организациона поставеност со измените и дополнувањата на интерните акти како и обезбедување на редовна поддршка за ООЦК и ЦКГ Скопје, стручната служба во централната канцеларија на Црвен крст на РСМ за правилна имплементација и подготовка на акти, одлуки, заклучоци, решенија, договори итн.







# МЕНАЏМЕНТ НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ

Волонтерската работа е важен аспект што влијае врз способноста на општеството да се справи со различни видови на социјални предизвици и безбедносни закани и катастрофи. Заради тоа постојано се трудиме да ги инспирираме луѓето за вредностите на волонтирањето и ангажманот во Црвениот крст. Волонтерската работа претставува основа за надградба на заедниците. Волонтерството и волонтерскиот дух се суштината на работата на Црвениот крст на РСМ повеќе од 75 години. Светот во кој делуваме забрзано се трансформира и менува, што значи дека и Црвениот крст мора постојано да се трансформира и адаптира на општествените промени. Ако сакаме нашата мрежа и понатаму да остане „Движење", тогаш мора да се трансформираме за да бидеме во состојба постојано да мобилизираме илјадници волонтери и членови во државата за реализирање на нашата мисија. Ќе работиме на обезбедување на соодветен број на волонтери и членови за реализација на програмите на националното друштво, обезбедување на нивна соодветна обука, надзор и редовна евалуација како и оддавање на признание за остварениот придонес, осигурување, обезбедување на соодветна опрема и психо-социјална поддршка и обезбедување на организациска поддршка за воспоставување на локални структури релевантни за задачите кои треба да се спроведат од страна на волонтерите.

**Главна цел:** Зајакнување на организациски капацитети на националното друштво преку инспирирани волонтери и членови како предуслов за обезбедување поддршка за целни групи во локални заедници.

**Целни групи:** Волонтери и вработени, членови, заинтересирани граѓани.

**Мотивирање на волонтери.** Во годината пред нас преку општинските организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје ќе работиме на мотивирање на доброволно волонтирање во организацијата преку развој на нови, пофлексибилни, отворени и комплементарни приоди кои ќе ни овозможат создавање на поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници. Ќе работиме на проширување на инклузивноста и разновидноста на нашите волонтери и ќе ги унапредуваме нашите пристапи за волонтерско управување, овозможувајќи партиципативен модел за работа и ефикасна поддршка за нашите волонтери и одавање признание за ангажманот и работата на волонтерите. Ќе се стремиме да ги намалиме бариерите за волонтирање кои во моментот влијаат врз одредени поединци во општеството и ќе овозможиме поголем волонтерски ангажман за постарите лица, меѓу-генерациска соработка и вклученост на лицата со посебни потреби, и други маргинализирани лица, кои можеби не биле во можност порано да се вклучат во Црвениот крст. Ќе работиме на донесување на соодветни политики и програми за менаџмент на волонтери и членови и системи кои се дисеминирани, општо прифатени од страна на раководството и управата на организацијата и волонтерите и членовите.

**"Тим Северна Македонија"** Во текот на годината клучна активност ќе биде развивање на концептот на Црвениот крст на РСМ "Тим Северна Македонија" преку оспособување на тимови на волонтери во општинските организации на Црвен крст кои ќе бидат подготвени и ангажирани за време на различни хуманитарни операции во државата. Примарна цел

е оспособување на најмалку 50 волонтери од секоја ООЦК. Во текот на годината ќе се работи на оспособување на волонтери и промовирање на концептот на национално и локално ниво и обезбедување ресурси за функционирање на Тимот Северна Македонија.

**Обуки за волонтерски менаџмент и ориентери.** Посебен акцент ќе се стави на организирање на обука за волонтерски менаџмент за обука на лицата одговорни за промовирање на волонтерството на локално ниво. Исто така во текот на годината ќе се организира обука за ориентери и ќе се следи работата на ориентерите во Црвениот крст кои имаат важна задача во промовирањето на волонтерството и членството во организацијата на локално ниво. Со обуките (согласно со безбедносните состојби - онлајн) се планира опфаќање на 34 лица од ООЦК/ЦКГ Скопје за волонтерски менаџмент и оспособување на 50 ориентери.

**Софтверска апликација за волонтерство и членство.** Одејќи во чекор со развојот на дигиталната технологија, организацијата во текот на годината, ќе го адаптира софтверот за регрутирање, следење на работата и задржување на волонтери со цел да се обезбедат тековни информации за процесот на волонтирање во организацијата. Овие информации ќе обезбедат показатели за потребните активности кои ќе треба да ги преземе националното друштво во смисол на унапредување на активностите за волонтерски менаџмент во различни програми на националното друштво.

**Светски Ден на волонтерството 5-ти декември.** По повод одбележување на Светскиот Ден на волонтерството 5-ти декември, на национално ниво ќе се одржи настан за доделување на признанија на поединци и форми за организирање на волонтерска работа кои имаат остварено најдобри резултати во текот на изминатата година. Ќе бидат координирани и активностите на општинските организации и ЦК на град Скопје за одбележување на настанот на локално ниво. Настанот ќе биде организиран онака како ќе дозволи состојбата согласно со развојот на состојбата со КОВИД-19 во национални рамки.

**Членство на Црвен крст на РСМ.** Една од основните заложби продолжува да биде преземање на активности за анимирање на ново членство во организацијата на локално ниво како еден од најважните предуслови за обезбедување на јавна поддршка за активностите на организацијата. Активностите на овој план ќе се преземат во соработка со општинските организации на Црвен крст со цел да се обезбеди континуирана заложба на севкупната организација за зголемување на бројот на членови согласно со методологијата за потребен број на членови во општинските организации на Црвен крст со што ќе се обезбеди оптималниот квантум на членови за функционирање на организацијата. Посебно внимание ќе биде насочено на обезбедување на потребниот минимален број на членови (14.000, согласно со поединечниот број на членови за секоја ООЦК утврден во методологијата за потребен број на членови во ООЦК) во дел од општинските организации преку инкорпорирање на активности за анимирање на членство и обезбедување на потребниот број на членови.

Во текот на годината ќе бидат иницирани активности за користење на добри практики од национални друштва за зголемување на број на членови, особено во однос на искуства поврзани со анимирање на активни и пасивни членови и членарина. Ќе се користат искуствата на Австриски Црвен крст за мобилизирање на членови од различни сегменти на општеството преку плаќање на годишна членарина и обезбедување на одредени бенефиции за членовите, преку можности за обезбедување на бесплатни специјализирани обуки и други можности за подобрување на компетенциите на членството. Посебен акцент ќе се стави на промовирање на моделот за членување преку придонес и на службата на организацијата на локално и национално ниво. На овој начин се очекува да се обезбедат дополнителни средства кои ќе бидат инвестирани во мобилизирање на нови волонтери и развивање на нови услуги и сервиси за граѓаните на РСМ. За воведување на новиот модел ќе се користат искуствата од Австриски Црвен крст, преку подготовка на нормативна рамка и таргетирани активности за воведување на новини во делот на менаџирање на членови во организацијата.

## Очекувани резултати

- Зголемен број на волонтери оспособени да излезат во пресрет на приоритетни потреби на ранливо население.
- Зголемен интерес за членство во организацијата за обезбедување на поддршка на јавноста за активностите на Црвениот крст.
- Надградена база на податоци на волонтери и членови на организацијата.
- Надградени капацитети на волонтери и членови на организација преку обезбедување на соодветни обуки за имплементација на активности на Црвениот крст.
- Функционалност на Тим Северна Македонија.





# МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2021 година Младите на Црвениот крст ќе ја потврдат својата улога како двигатели на активностите на терен на националното друштво, иницијатори на нови идеи и лидери во своите средини на дејствување. Со својот проактивен пристап и подготвеноста за соочување со нови предизвици тие ќе бидат значаен дел на националното друштво во оправдување на стекнатиот епитет „силно" национално друштво подготвено да одговори на хуманитарните предизвици на локалното население.

**Главна цел:** Зајакната младинска структура во организацијата за ефикасно исполнување на активностите на националното друштво.

**Целни групи:** Волонтери и вработени, членови, заинтересирани граѓани.

**Зајакнување на системот на дејствување преку училишни клубови на Црвен крст во основни училишта.** Во текот на летниот период ќе се евалуира дејствувањето преку училишни клубови иницирана во 105 училишни клубови во 2020 година. За добиените резултати ќе се направат насоки и подготовки за сеопфатно дејствување во сите основни училишта со што директно ќе се влијае на опсегот на активности како и бројот на опфатени целни групи со програмите на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

**Академија за млади волонтери на Црвениот крст.** Во текот на зимскиот период е предвидена „Академија за млади волонтери" или темелна обука за волонтери која значително ќе влијае на развојот на програмските активности на младите во општинските организации. Во 2021 година е предвидена академија за обука на ментори за клубови на млади, со што би се оспособиле лица кои ќе дадат поддршка за развојот на клубовите имајќи ги во предвид последиците од кризата со корона вирусот и адаптацијата на начинот на организирање на работата. Со воведување на овој пристап, ќе се зголеми бројот на млади лица кои поседуваат вештини за едукација на свои врсници и значително ќе се намалат трошоците за имплементација на програмите на Црвениот крст на РСМ.

**Кампања за промоција на активностите на младите во Црвениот крст.** Во рамките на одбележувањето на календарската Недела на млади 01-07 октомври, ќе се организира кампања за промовирање на активностите на младите со цел привлекување на волонтери и потенцијални соработници. Кампањата ќе вклучи јавни настани организирани од клубовите на млади, унифицирани промотивни публикации, насоки за промоција преку социјални мрежи итн.

**Организирање на летен камп за зајакнување на капацитетите на лидерите, замениците лидери и претставниците во Советот на млади.** Во летниот период традиционално ќе се организира тематски летен камп за лидерите во клубовите на млади за стекнување на специјализирани знаења и вештини за организирање и водење на работата на младите во своите клубови, одржување на состаноци, креирање на активности, ефективно пренесување на информации, подобро запознавање со структурата и активностите на националното друштво, поднесување на иницијативи на локално и национално ниво, креирање на годишни планови и извештаи, запознавање со релевантни документи кои ја уредуваат работата на младите во рамките на Движењето, националното друштво како и во државата и други работи кои се од голема важност за работата на клубовите на млади.

## Очекувани резултати

- Зголемен број на млади волонтери во организацијата.
- Зголемен број на корисници опфатени со младински активности на националното друштво.

# ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ И МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ ОД КОРПОРАТИВЕН СЕКТОР

Црвениот крст на РСМ во текот на 2021 своите ресурси ќе ги насочи кон подготовка, односно градење соодветен модел за мобилизирање на фондови преку подготовка на стратегија со цел да се обезбедат поголеми финансиски средства за имплементација на програмите. На овој процес ќе претходи анализа на работата на Националното друштво која ќе биде база за подготовка на новиот стратешки пристап. Таргет за соработка ќе биде корпоративниот сектор и останатите достапни извори за финансирање од донатори. Програмските активности ќе продолжат да се реализираат преку проекти, па за таа цел ќе се работи на унапредување на внатрешниот систем на сите нивоа на организацијата особено во делот на планирање и подготовка на проектните иницијативи. ЕУ фондовите остануваат и оваа година еден од можните извори за финансиска поддршка преку соодветно планирање, анализи и обезбедување на одржлив развој на националното друштво.

Проектното работење, односно способностите на организацијата за развивање предлог проекти, процедурите за нивно спроведување, човечките капацитети, планирањето и спроведување како и праксата за мониторинг и евалуација на проектно ниво е категорија која националното друштво ќе продолжи и понатаму да ја развива. Развивањето предлог проекти, и примената на проектен циклус, алатки за планирање на проекти и процедури за спроведување на проектите ќе бидат предмет на развивање со цел соодветно да се одговори на барањата на донаторите и апликациските форми. Од тука и произлегува потребата за понатамошно зајакнување на капацитетите на ООЦК и ЦКГ Скопје.

Црвениот крст во државата е препознаен како сериозен партнер на институциите и компаниите кои заеднички вложуваат во подобрување на животот на населението што се покажа и за време на одговорот на пандемиската криза со КОВИД-19. За таа цел преку соодветни иницијативи и натаму ќе се вложуваат напори во поттикнување на општествената одговорност на компаниите за обезбедување на ефективна поддршка и застапување на интересите на ранливото население.

**Главна цел:** Воспоставување на сервиси наменети за населението преку воведување на иновативни модели за мобилизирање фондови од донатори и корпоративен сектор.

**Целни групи:** ООЦК/ ЦКГ Скопје, донатори и корпоративни компании.

**Градење на стратегија преку иновативни форми за мобилизирање фондови.** Стратегијата за мобилизирање на фондови на националното друштво ќе помогне во реорганизација адаптирана на ново настанатите услови и трендовите во опкружувањето, особено во бизнис секторот. Ќе биде направена анализа на показателите за можноста за развој и ќе се подготви стратегија за мобилизирање фондови преку развивање иновативни бизнис модели и планови за услуги применливи за Црвен крст на РСМ.





**Воспоставување на партнерства со организации, институции, корпоративен сектор.** Поттикнување на стратешки партнерства за имплементација за социјално корисни општествени програми и развој на социјалното претприемништво е од особено значење за националното друштво. Во 2021 година ќе работиме на промовирањето на хуманите вредности пред корпоративниот сектор со цел воспоставување на партнерска соработка за имплементација на одредени заеднички активности за унапредување на квалитетот на живот на населението во заедниците. Имплементација на одредени иницијативи кои имаат за цел поголема заштита и влијание со цел подобрување на животот на луѓето ќе се претстави во каталог на услуги претставен на донаторска средба кои националното друштво преку ООЦК и ЦКГ Скопје ги нуди на различни целни групи. Проектната иницијатива ќе биде претставена пред бизнис секторот со цел нејзино финансирање и конечна реализација.

**Повици на ЕУ и други фондови.** Во текот на годината националното друштво ќе организира специјализирани обуки и менторска поддршка за подготовка на конкретни проекти од Еразмус+ Програмата, Програмите за Прекугранична соработка (МК со сите 5 соседни држави), ЕаСИ (Вработување и Социјални иновации), ИПА 2 Програмите (Civil Society facility и други) како и за специфичните грант програми на присутни меѓународни донатори преку нивните дипломатски претставништва. Исто така ќе се организираат семинари по региони (или за групи од 4-6 ООЦК кои би работеле на 4 реални проекти за време на обуката, а потоа би се овозможила и менторска поддршка до завршување на предлог проектите по обуката. За оние ООЦК кои ќе имаат потреба од поддршка за финализацијата на предлог проекти по понудената менторска поддршка, ќе се организира напредна обука фокусирана на комплетирање на проектна документација за специфичен конкурс за грантови (пишување, буџетирање, подготовка на прилози). Исто така ќе се организираат и тренинзи за ООЦК и ЦКГ Скопје со цел обезбедување на „алтернативни„ форми за обезбедување финансиски средства од корпоративниот сектор, донации на лица, crowdfunding кампањи, активности за собирање на средства преку хуманитарни настани и активности на социјални претпријатија, и итн.

## Очекувани резултати

- Обезбедена поддршка за реализација на активности на националното друштво преку ЕУ фондови, корпоративен сектор и други достапни фондови.
- Обезбедена одржливост на услугите преку развивање на бизнис модели на достапните услуги.



# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ВО 2021 ГОДИНА

2020 беше значајна година за нашето друштво во однос на мобилизирањето фондови за одговорот на пандемијата, но и по проекти кои се одобрени и се добиени финансиски средства за нивна имплементација. Од голема значење за нас и ООЦК/ ЦКГ Скопје се проектите од Австриска агенција за развој во соработка со Австриски Црвен крст, потоа ЕУ фондови-EaSI и ЕУ регионален проект за подобрување на животот на старите лица. Исто така 8 ООЦК и ЦКГ Скопје во 2021 заедно со нивните општини ќе бидат поддржани од Светска Банка за унапредување на сервисите за нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови.

Проектни активности ќе се имплементираат во тесна соработка со ООЦК и ЦКГ Скопје. Имено воведувањето на Сервисот копче за итна помош на стари лица во домашни услови ќе се имплементира со ЦКГ Скопје додека во Струмица ќе се отвори регионален тренинг центар за обука на негуватели на стари лица и лица со попреченост во домашни услови. Визибилити студии за отворање на социјално медицински центри за нега и грижа на стари лица во Скопје и Дојран ќе се реализираат за понатамошен развој на капацитетите на Црвен крст на РСМ со цел заштита на старите лица. Преку воведување на овие услуги Црвен крст на РСМ своите сили ќе ги насочи во развој на претприемништвото и ќе обезбеди само-одржливост. Воведувањето на претприемништвото преку бизнис планирање е дел од проектна иницијатива во која Црвен крст на РСМ е вклучен заедно со останатите друштва од регионот а под менторство на Австриски Црвен крст.

ООЦК и ЦКГ Скопје ќе работат на воведување на иновативни одговори на потребите на населението и ќе ги користат сите можни ресурси за финансирање како на локално така и на централно ниво. Предизвик ќе остане одговорот на пандемијата, а особено делот на опоравување од последиците предизвикани од пандемијата па преку анализи за потребите на населението ќе се работи на одговор на потребите на населението и ќе се бараат ресурси за нивна реализација.





# СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ

Следејќи ги актуелните состојби во општеството и во зависност од потребите на ранливите целни групи, Црвениот крст на РСМ во рамките на социјално – хуманитарните програми ги дефинира своите правци на дејствување, во насока на унапредување на услугите и методите за работа. За остварување на социјално – хуманитарните активности, Црвениот крст освен со владините институции, во текот на годината ќе оствари соработка со граѓанскиот сектор, како и со бизнис секторот во земјата. Во имплементација на програмските и проектни активности ќе се применува партиципативниот пристап со непосредна активна инволвираност на ранливите целни групи население со цел да се придонесе широк спектар на можни одговори на утврдените предизвици во заедниците.

**Главна цел:** Придонес во намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на ранливи целни групи на население.

**Целни групи:** Постари граѓани, лица со попреченост, семејства во социјален ризик, ранливи заедници, млада популација, како и општата популација на населението.

**Центри за едукација на возрасни за лична асистенција на лица со попреченост.** Црвениот крст на РСМ е верификувана организација за спроведување на програмата за обуки за лична асистенција на лица со попреченост. Тие се организираат преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Битола, Струга, Струмица, Гостивар, Неготино, Велес и Куманово. Во текот на 2021 година оваа програма ќе се прошири и во нови општински организации на Црвен крст каде има услови и капацитети за верификување на организацијата за нејзино спроведување. Во текот на годината ќе се организираат минимум 10 обуки со кои ќе се едуцираат над 150 лични асистенти кои ќе можат да бидат ставени во функција за испорака на услугата за лицата со попреченост. Обуките ќе се поддржат со проектно работење, како и ќе се нудат на граѓани кои се заинтересирани да се стекнат со сертификат за професионален ангажман.

**Центри за едукација на возрасни за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост.** Црвениот крст на РСМ е организација која спроведува верификувана програма за обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост кои се организираат преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Струмица, Битола, Кавадарци, Прилеп, Охрид, Гостивар, Струга, Неготино, Велес, Кичево и Крива Паланка. Со оваа сертифицирана обука лицата се стекнуваат со знаења, вештини и компетенции за давање на основни здравствени и социјални услуги во домашни услови на лица кои поради возраст, хронични болести и др. причини се во состојба на изнемоштеност и неможност да се грижат за себе. Услугите се од различна природа и форма и ја заменуваат институционалната грижа и другите форми на организирана грижа. Во текот на годината ќе бидат организирани минимум 12 обуки со кои ќе се едуцираат над 200 негуватели. Обуките ќе се поддржат со проектно работење, како и ќе се нудат на граѓани кои се заинтересирани да се стекнат со сертификат за професионален ангажман.

**Регионален центар за едукација на возрасни.** Со поддршка на Австрискиот Црвен крст и Австриската агенција за развој во текот на 2021 година ќе се отвори регионален едукативен центар за обука на возрасни граѓани за нега и помош на стари лица и лица со попреченост кој ќе функционира преку општинската организација на Црвен крст Струмица. Ќе бидат организирани 4 обуки со кои ќе се опфатат 60 кандидати - долгорочно невработени лица во социјален ризик од општините Струмица, Валандово, Гевгелија и Радовиш.

За едуцираните лица ќе биде организирана и дополнителна работилница за превенција од КОВИД-19. Во текот на годината ќе се организира обука за едукација на едукатори кои ќе ја спроведуваат верификуваната програма за нега и помош на стари лица и лица со попреченост.

**Сервиси за помош и нега на старите лица и лица со попреченост во домашни услови.** Една од стратешките цели на организацијата е да се развијат сервиси за испорака на социјални и здравствени услуги на старите лица и лица со попреченост во домашни услови. Позитивен пример за функционирање на ваков сервис е Центарот Нега кој функционира преку Црвениот крст на град Скопје и преку кој се ангажирани обучени негуватели за испорака на услуги за стари и немоќни лица во Скопје. Услугите за помош и нега на стари лица и лица со попреченост ќе се испорачуваат и преку општинските организации на Црвениот крст Струмица, Битола, Кавадарци, Прилеп, Охрид, Гостивар, Струга, Неготино, Велес, Кичево, Крива Паланка, Валандово, Демир Хисар, Радовиш, Кочани и Гевгелија. Услугите финансиски ќе се поддржат од страна на Министерството за труд и социјална работа преку центрите за социјална работа, и ќе се нудат на заинтересирани граѓани.

**Сервиси за поддршка на лицата со попреченост.** Црвениот крст на РСМ четврта година во континуитет е понудувач на услугата лична асистенција на лица со попреченост. Услуги кои најчесто се користат, се услуги во заедницата, во домот, на работното место и високо образовниот процес. Со тоа се придонесува за поголема социјализација и вклученост на лицата во заедницата низ различни активности – индивидуални и заеднички. Услугите за лицата со попреченост ќе се испорачуваат од личните асистенти. Тие се организирани преку ЦКГ Скопје и општинските организации на Црвен крст Битола, Струга, Струмица, Гостивар, Неготино, Велес и Куманово. Услугите финансиски се поддржани од Министерството за труд и социјална работа преку центрите за социјална работа, и ќе се нудат на заинтересирани граѓани за оваа услуга.

**Подобрување на социјализација на деца и млади со попреченост** е континуирана проектна активност која се имплементира во соработка со Заводот за социјални дејности и поддршка на донатори и партнери од корпоративниот сектор, преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес, Прилеп, Кавадарци, Делчево, Дебар, Кичево и Гостивар. Ќе се организираат активности за социјализација на над 320 деца и младите со попреченост од дневните центри, во кои ќе бидат вклучени млади волонтери на Црвениот крст од 8 општини. Со проектните активности се обезбедува и психо – социјална поддршка на децата во згрижувачки семејства во Скопје, Велес и Прилеп.

**Стратешки оперативен план за здраво и активно стареење.** Црвениот крст на РСМ ќе изработи стратешки оперативен план за активно и здраво стареење, со кој ќе се постави основата за долгорочно дејствување за да се даде придонес за достоинствен и поквалитетен живот на постарата генерација. Како дел од советодавната група за здраво и активно стареење на Меѓународната федерација, ќе се обезбеди придонес во креирање на политики за унапредување на активности за поддршка на стари лица.

**Дневни центри и клубовите на стари лица** претставуваат организирана форма за активно и здраво стареење, кои со поддршка на локалните владини институции и корпоративниот сектор ќе се развиваат во националното друштво. Четирите дневни центри за стари лица кои функционираат преку Црвен крст на град Скопје и Општинската организација на Црвен крст Гази Баба, како и четирите клуба на стари лица менаџирани преку општинските организации на Црвен крст Крива Паланка, Неготино, Прилеп и Велес се позитивни примери постарите граѓани активно да се вклучат во различни сфери на општествено дејствување. Во текот на годината ќе се отворат уште два нови дневни центри за поддршка на стари лица преку Општинската организација на Црвен крст Штип и Крива Паланка.

**Регионална поддршка за постарите лица и лицата со попреченост.** Во период од три години Црвениот крст на РСМ ќе биде вклучен во имплементација на Регионален проект финансиран од Европската унија за поддршка на постари лица и лица со попреченост со цел градење на отпорност кон епидемијата КОВИД 19. Активностите ќе се имплементираат во Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Северна Македонија. Црвениот крст на Србија е координатор на проектните активности и истиот ќе биде поддржан од страна на Австрискиот Црвен крст. Капацитетот на националните друштва на Црвениот крст и партнерските граѓански организации во петте земји ќе се подобрат преку активности обуки и размена на искуства и знаења за да се овозможи постојана, долгорочна и други форми на психо - социјална поддршка за постарите лица и лицата со попреченост.

**Меѓународниот ден на стари лица и Недела на грижа за старите лица.** Во текот на годината активностите за поддршка на старите лица ќе бидат понагласени во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на стари лица и Недела на грижа за старите лица. Целта е да се подигне свеста на населението за остварување на правата на старите лица, како и потребната грижа и поддршка на старите лица. Ќе бидат организирани едукативни активности на теми од интерес на старите лица, рекреативни и креативни активности, како и активности за поддршка на постарите граѓани во заедниците со кои ќе бидат инволвирани повеќе од 4.000 активни лица од трета доба.



**Политика за заштита и обезбедување на хуманитарна помош на бегалци, мигранти, внатрешно раселени лица, повратници и баратели на азил.** Со цел да воспостави систем за одговор на миграциските прашања, во 2021 година ќе се изработи политика за заштита и обезбедување на хуманитарна помош на бегалци, мигранти, внатрешно раселени лица, повратници и баратели на азил. Политиката ќе содржи насоки за Фокусирање потребите и ранливоста на мигрантите, информирање за правата на мигрантите, поврзување, помош, заштита и хуманитарно застапување за мигрантите, бегалци, внатрешно раселени лица, повратници и баратели на азил, градење партнерства за поддршка на мигрантите, поддршка при враќање, одговор на потребите при раселување на населението и други прашања врзани за миграциите.

**Развој на социјално претприемништво.** Црвениот крст на РСМ со цел да се унапреди социјалното претприемништво, во текот на годината со поддршка на фондови, ќе спроведе иницијативи за организирање на заедничко учење преку јакнење на капацитетите на волонтери и вработени на општинските организации на Црвен крст и овозможување поддршка во управувањето на социјалните претпријатија. Позитивните практики на националното друштво ќе бидат основа за развој на социјални претпријатија, како што се Центарот „Солферино" во Струга, Проектот „Копче", Нега центарот за услуги за стари и немоќни лица, препакување на шеќер за потреби на кафетерии.

**Превенција од трговија со луѓе.** Ќе се имплементираат превентивни активности насочени кон подигање на свеста на младата популација за препознавање на начините преку кои младите можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита. Црвениот крст активно ќе се вклучи во одбележување на Европскиот ден и Неделата на борба против трговија со луѓе кои се координирани од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на РСМ. Со превентивните лекции ќе бидат опфатени над 2000 ученици од основни и средни училишта.

**Поддршка на семејства во социјален ризик.** Со цел да се зголеми капацитетот на националното друштво да одговори на предизвиците за задоволување на одредени основни потреби на ранливи целни групи во заедниците, во текот на годината ќе се организираат 2 национални хуманитарни акции во рамки на одбележување на Неделата на солидарност и Неделата на борба против гладта. Акциите за помош во храна, облека, средства за хигиена ќе бидат поддржани од страна на граѓаните, организациите, институциите, како и од бизнис заедницата.

**Пункт за бездомни лица.** Пунктот за бездомници кој функционира преку Црвениот крст на град Скопје ќе продолжи да дава помош и поддршка на 100 бездомни лица. Тие ќе ги користат услугите за одржување на лична хигиена, редовно добивање облека, храна и други материјални добра. Со нив ќе работи тим од доктор, психолог и социјален работник и согласно нивните потреби ќе се овозможи намалување на нивната ранливост и подобрување на здравствената состојба. За време на екстремно ниските температури ќе се овозможи сместување во Привременото прифатилиште кое има капацитет да смести 32 лица во исто време, а мобилни тимови на Црвен крст ќе бидат достапни 24/7 за да укажат помош и обезбедат превоз за сите бездомни лица дојавени од терен. Исто така пунктовите за бездомници во Струмица, Битола и Струга ќе продолжат да обезбедуваат соодветна поддршка и во текот на 2021 година.




## Очекувани резултати

- Развиени се социјални сервиси и испорачани се квалитетни услуги за помош на стари лица и лица со попреченост.
- Зголемени капацитети на ранливи целни групи на население за подобра социјална интеграција во заедницата.
- Зајакнат е партнерскиот придонес во подобрување на животот на ранливото население во заедниците.



# ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Здравствено превентивната програма на Црвениот крст на РСМ има за цел подобрување на здравјето и намалување на заболувањата и смртноста на целокупното население. Во креирањето на здравствените активности Црвениот крст на РСМ се раководи од специфичните здравствени потреби на поединците и заедниците на локално ниво со приоритет на ранливите групи. Преку имплементација на здравствено - превентивни активности обезбедуваме адвокативност и поддршка на хуманитарните активности насочени кон борба против нетолеранција, стигма и дискриминација на населението. Преку своите активности Црвениот крст ќе даде придонес кон подобрување на подготвеноста на земјата за брз и ефикасен одговор кон сите здравствени предизвици во мирнодопски услови и во услови на кризи и катастрофи.

**Главна цел:** Унапредување на здравствено–превентивните капацитети и градење на сигурни и здрави заедници преку воспоставување на здравствени сервиси и центри од одржлив карактер.

**Целни групи:** Стари и изнемоштени лица, ранливо население, мали деца, маргинализирани групи на население (лица кои инјектираат дрога, ХИВ/СИДА) со посебен акцент даден на семејства кои изгубиле близок поради КОВИД -19.

**Воспоставање на сервис за санитетски транспорт.** Црвениот крст на РСМ има за цел да воспостави сервис за санитетски транспорт со кој ќе се овозможи полесен и побрз пристап на неподвижни или тешко подвижни лица со посебен акцент на стари и изнемоштени лица до медицински установи на закажаните термини за посета на лекар, контролни прегледи, рехабилитација, клиничко тестирање и останати медицински услуги. Овој сервис ќе биде и дел од сервисот за нега и грижа на стари лица во домашни услови, со што ќе се креира интегрална заштита преку услугите наменети за оваа популација.

**Одржување на ниска преваленца на ХИВ – проект за намалување на штети од употреба на дрога.** Црвениот крст на РСМ континуирано работи во насока на заштита на здравјето на маргинализирани групи на население со посебен фокус на лицата кои инјектираат дрога со цел намалување на штетите од употребата на дрога и превенција од ХИВ/СИДА како и подобрување на здравствениот, социјалниот и економскиот статус на корисниците.

**Воспоставување на Центар за психолошка прва помош (ППП) и психосоцијална поддршка (ПСП).** Изминативе години Црвениот крст на РСМ работеше интензивно на зајакнување на капацитетите на националното друштво во областа на унапредување на ментално здравје на вработените, волонтерите и општата популација. За престојнава година Црвен крст на РСМ ќе работи на воспоставување на Центар за ППП и ПСП. Основната цел на овој Центар ќе биде пружање на ППП и ПСП во услови на катастрофи, услуги за останатите чинители во кризниот менаџмент и советувалиште од отворен тип. Воспоставувањето на Центарот за ППП и ПСП во почетокот ќе даде посебен акцент на пружање на психосоцијална поддршка и намалување на последиците кај населението од КОВИД - 19, како и пружање на ППП и ПСП на клучни државни институции кои се активно инволвирани во одговорот со Ковид-19 пандемијата.

**Континуирана здравствена промоција и превенција на здравјето на населението од заразни заболувања, со посебен акцент на КОВИД-19.** Црвениот крст на Р. Северна Македонија ќе продолжи со активностите за подигнување на свеста и знаењето кај населението за навремено препознавање, превенирање и лекување на заразните заболувања со посебен акцент на КОВИД - 19. За оваа цел ќе бидат подготвени флаери, едукативен информативен материјал за превенција од заразни заболувања и ќе бидат одржани едукативни предавања.

**Превенирање на ризици предизвикани од екстремни надворешни температури врз здравјето на луѓето.** Во соработка со Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Светската здравствена организација - канцеларија Скопје, Министерство за труд и социјала како и други владини и невладини институции на локално и национално ниво, Црвениот крст на РСМ согласно акциониот план за топлотни бранови продолжува со спроведување на активности за заштита на здравјето на населението од топлотните бранови. Превземените активности ќе бидат во форма на делење на вода, делење на флаери и останат едукативен материјал за превенција од здравствените ризици кои ги предизвикуваат топлотните бранови како и споделување на истите на социјалните мрежи и медиумите.

За време на студените бранови, Црвениот крст на РСМ е подготвен да превземе најразлични активности за заштита на здравјето на населението од последици кои можат да се јават при изложеност на екстремно ниските надворешни температури. Волонтерите ќе обезбедуваат топли напитоци при екстремно ниски температури на највулнерабилните групи на население како што се старите и изнемоштени лица, деца, бездомници, мигранти итн.



## Очекувани резултати:

- Воспоставен сервис за санитетски транспорт за поддршка на ранливото население.
- Обезбедена континуирана здравствена промоција и превенција од заразни заболувања, со посебен акцент на КОВИД-19.
- Јакнење на капацитетите на националното друштво од областа на ментално здравје со воспоставување на Центар по прва психолошка помош и психосоцијална поддршка.





# ПРВА ПОМОШ

Една од основните задачи на Црвениот крст на РСМ, е да учествува во оспособување на населението на РСМ за давање на прва помош. Црвениот крст на РСМ веќе подолг временски период ја изведува наставата за прва помош за кандидати за возачи на моторни возила и работни организации во 33 ООЦК и ЦКГ Скопје. Во текот на изминатите неколку години посебно внимание се посветува на унапредување на наставата по прва помош, подобрување на методологијата на едукација и стекнување на практични вештини од областа на првата помош како и интензивирање на соработката со компетентните институции во земјава и странство од областа на прва помош. Со цел јакнење на капацитетите и обезбедување на врвна и стручна едукација по прва помош во текот на 2021 година Црвениот крст има за цел воспоставување на Стручен центар по прва помош и активирање на Координативното тело по прва помош.

**Главна цел:** Континуирано јакнење на капацитетите на националното друштво во областа на првата помош и обезбедување на квалитетна и научно базирана едукација по прва помош во мирнодобски услови и во кризни ситуации преку воспоставување на Стручен центар по прва помош.

**Целни групи:** Кандидати за возачи и работни организации, како и целокупното население ќе бидат дел од континуираната едукација во областа на прва помош овозможена од страна на Црвен крст на РСМ.

**Воспоставување на Стручен центар по прва помош.** Во текот на 2021 година Црвениот крст на РСМ има за цел да воспостави Стручен центар по прва помош кој ќе се состои од врвни медицински стручни лица од различни области на првата помош како што се анестезија и реанимација, ургентна медицина и трауматологија. Стручниот центар ќе обезбеди соработка и поврзување со меѓународни организации од областа на првата помош, соработка со научните институции во државата од оваа област, редовно следење и имплементирање на новости од областа на првата помош, подготовка на стручна литература и воведување на нови курсеви по прва помош за различни целни групи.

**Континуирана едукација од областа на прва помош.** Во текот на годината ќе се продолжи со континуираното спроведување на курсеви по прва помош за кандидати за возачи, за работни организации и обуки по прва помош за останати целни групи. Ќе се спроведат курсеви за нови едукатори и демонстратори, освежителни курсеви по прва помош за веќе лиценцирани едукатори и ќе се направи ревидирање на стариот и изработка на нов прирачник по прва помош за кандидатите за возачи.

**Активирање на Координативно тело за прва помош.** Координативното тело за прва помош го сочинуваат претставници од надлежни институции за првата помош во државата. Основната цел на координативно тело за прва помош е да придонесе кон зајакнување на споведувањето на програмите и активностите во областа на првата помош во различни области од секојдневнието како безбедност во сообраќајот на патиштата, прва помош на работно место, образовниот систем, општата популација, како и да се подобри информираноста и координацијата на активностите кои се преземаат во областа на првата помош. Ќе се организираат најмалку 2 состаноци со членовите на Координативното тело за презентирање иницијативи за законски измени од областа на првата помош и обезбедување на поддршка за Стручниот центар по ПП.

**Прилагодување на курсевите по прва помош за онлајн едукација.** Националното друштво во 2021 година ќе обезбеди полесно достапна едукација на широката популација од областа на првата помош преку воведување на он




лајн курсеви по прва помош. За таа цел ќе се изработат и ќе се стават во употреба едукативни видеа и алатки за следење на практичниот дел од наставата и алатка за електронско тестирање на знаењето на кандидатите, со што ќе се овозможи лесна и брза пристапност до обуките по прва помош.

**Организирање на обука за шминкери.** Ќе се подготви нов прирачник за обука за шминкери во соработка со национални друштва од регионот и ќе бидат обучени минимум 25 нови шминкери.

**Изработка на веб платформа за прва помош со што ќе се обезбедат лесно достапни информации за правилно пружање на прва помош за пошироката популација.** На веб платформата населението ќе може да има лесен пристап до едукативни материјали и видеа по прва помош за лична заштита и заштита на најблиските при повреда во домашни услови или надвор од домот и соодветно и правилно пружање на прва помош се до пристигнувањето на медицинска помош.

**Реорганизација на државен натпревар по прва помош.** Ќе биде ревидиран постоечкиот концептот на државниот натпревар по прва помош и ќе бидат подобрени критериуми во организацијата и мотивација на учесниците на државниот натпревар по прва помош.

**Одбележување на Светскиот ден на прва помош.** Црвениот крст на РСМ во втората недела на месец септември го одбележува Светскиот ден на прва помош преку организирање на соодветен промотивен настан, за која цел ќе се изработат постери, флаери и други едукативни материјали од областа на прва та помош и истите ќе се споделуваат преку различни медиуми.

### Очекувани резултати:

- Зајакнати капацитети од областа на првата помош преку формирање на Стручен центар по прва помош.
- Дигитализација на курсевите по прва помош.
- Обезбедена поддршка од надлежни институции од областа на првата помош преку активирање на Координативното тело по прва помош.





## КРВОДАРИТЕЛСТВО

Црвениот крст на РСМ на планот на доброволното крводарителството во РСМ има за цел да ја развива партнерската соработка со Министерството за здравство и Институтот за трансфузиона медицина во развојот и унапредување на доброволното крводарителството, да ги применува принципите на доброволност, анонимност и бесплатност, да ја подигне свеста и мотивираноста на граѓаните за доброволно крводарителство, да се грижи за здравјето на крводарителите, да се залага за почитување на нивните права, да гарантира квалитет и сигурност на крвта и крвните компоненти и заштита на здравјето на примателите на крв.

**Главна цел:** Унапредување на културата на доброволно крводарителство, изградба на стабилна резерва на крв и крвни компоненти, обезбедување на квалитетна грижа за здравјето и сигурноста на крводарителите и обезбедување на нови партнерства кои ја мобилизираат моќта на хуманоста за доброволно крводарителство.

**Целни групи:** Крводарители, граѓани, волонтери и вработени.

**Подигнување на свеста кај населението и мотивирање за доброволно крводарување.** Ќе се работи на креирање стратегија за комуникација за полесен пристап до целните групи со кој ќе се развијат стандардизирани методи за мобилизација на потенцијални крводарители и изнаоѓање начини за зголемување на бројот на крводарувања во тие средини.

**Мобилизирање, регрутирање и задржување на целните групи.** Ќе се мобилизираат и регрутираат помалку ризичните целни групи со вклученост на јавни личности, лидери на целни групи и медиумски личности за да можат да им пренесат ефективна порака на целните групи. Идентификување и давање на приоритет на ниско-ризичните целни групи, пред се на полнолетни ученици, студенти, вработени во јавниот и приватниот сектор, редовни крводарители, припадници на невладини организации, крводарители во месни заедници и др.

**Подготвување на политики и стратегија за крводарителство во кризни состојби и епидемии.** Целта е да се подготват политики и стратегија за крводарителство во кризни состојби и епидемии. Важен елемент ќе биде создавањето на механизми за подигнување на јавната свест за доброволно крводарителство и градење на платформа за одржување на онлајн обуки и информирање за активностите преку социјалните мрежи и медиумите.

**Промоција на доброволно крводарителство.** Со поддршка на Владата на РСМ преку Министерството за здравство се имплементира Годишната програма за организирање и унапредување на крводарителството во РСМ. Програмата ќе се спроведува преку континуирана соработка со Институтот за трансфузиона медицина, а поголем дел од активностите ќе ги спроведува заедничкиот тим за координација кој работи на планирање и организација на крводарителството во РСМ и спроведување на Годишниот интегрален план за организирање на крводарителски акции. За успешна промоција на доброволното крводарителство, Црвениот крст на РСМ изготвува здравствено - воспитни и пропагандни материјали, јубилејни признанија за крводарителите, спроведува анкети, организира предавања и трибини и кампањи, едукативни семинари и работилници, го информира населението за активностите преку интернет страните на двете институции, социјалните мрежи и Е-весникот на Црвениот крст на РСМ, води електронска и пишана евиденција за крводарителите и подготвува месечни, периодични и годишни извештаи.

**Активности на Клубови на крводарители и Клубови 25.** Посебен акцент ќе се стави на клубовите на крводарители со цел да се мобилизираат поголем број на крводарители. Ќе се обезбеди информативна поддршка за крводарителите за користење бенефиции за дарување крв над 10 пати. Ќе се поддржат активностите на Клубовите 25 од Скопје и Битола за млади и потенцијални крводарители со цел да се зголеми нивниот број, правилно да се регрутираат и задржат во процесот на крводарителството и да се изгради мрежа на млади крводарители за вршење на промоција и мотивирање на нови крводарители во образовните институции.

**Дневен центар за дарување на крв.** Националното друштво ќе мобилизира поддршка за промовирање на работата и функционирање на Дневниот центар за дарување на крв со цел да се унапреди крводарителството на територија на град Скопје. Во наменски адаптирана и опремена просторија во рамки на ДХО "Даре Џамбаз", во убаво и топло опкружување крводарителите секој работен ден и во сабота имаат можност да даруваат крв.

**Одбележување на 17 март и 14 јуни.** Во 2021 година со пригодни и промотивни активности ќе се одбележат 17 март - Денот на крводарителството во Република Северна Македонија и 14 јуни - Светскиот ден на крводарителството. По повод 14 јуни 2021 година по трет пат во организација на Министерството за здравство и Црвен крст на РСМ ќе се организира Форум за доброволно крводарителство.

**Крводарителски акции.** Во 2021 година ќе се преземаат сите потребни мерки и активности за организирање на доволен број на редовни и традиционални крводарителски акции со цел во континуитет да се обезбедат потребните количини на крв и крвни компоненти достапни за сите граѓани на кои им се неопходни со што ќе се придонесе за градење на сигурни и здрави заедници.

## Очекувани резултати:

- Зголемен е бројот на млади крводарители и подигната е свеста кај младите за доброволното крводарителство.
- Идентификувани се приоритетните целни групи, истите се мобилизирани и вклучени во процесот на крводарување.
- Зголемен е бројот на ново обучени волонтери мотиватори за доброволно крводарителство и успешно се вклучени во процесот на организирање на крводарителски активности во услови на КОВИД-19.





# ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

Посебен акцент во работата во 2021 година ќе биде ставен на подобрување на системот за подготвеност и дејствување при катастрофи. Активностите ќе се имплементираат во соработка со државните институции и меѓународни партнери и ќе бидат насочени кон подобрување на капацитетите на националното друштво за ефективен одговор при кризни состојби, подобрување на компетенциите на човечките ресурси, обезбедување материјална поддршка за населението погодено од катастрофи и активности за подигање на свеста за заштита и превенција на катастрофи. Со тоа ќе се даде придонес во зајакнување на отпорноста на заедниците во случај на катастрофи и несреќи и воспоставување на сеопфатен систем за подготвеност и дејствување при катастрофи на национално и локално ниво.

**Главна цел:** Градење на ефективен систем за намалување на ризици, преземање рана акција и одговор на кризни состојби и катастрофи, во соработка со државните институции кои се дел од системот за управување со кризи и заштита и спасување.

**Целни групи:** Општа популација, образовни институции (вработени, ученици и студенти), волонтери и вработени на Црвен крст, тимови за подготвеност при катастрофи.

**Зајакнување на отпорност на заедници.** Во соработка со државните институции и меѓународни партнери, ќе бидат преземани континуирани активности за зајакнување на отпорноста на заедниците во случај на катастрофи и несреќи.

**Поддршка за ООЦК/ЦКГ Скопје.** Во рамките на активностите со општинските организации на Црвен крст, ќе се вложат значителни напори за обука и дообука на постоечките како и формирање на нови дополнителни општински тимови за одговор при катастрофи, и дисеминирање на стандардните оперативни процедури, за постапување во случај на катастрофи. Покрај обуката, посебен акцент ќе се стави на соработката и координацијата помеѓу тимовите од различните општински организации со цел подобрување на нивната оперативност преку организација на симулациски вежби. Ќе се дисеминира Политиката за подготвеност и одговор при катастрофи, како и промовирање на политиката на националното друштво за логистички процедури, и чување на стокови резерви од хуманитарна помош.

**Ревидирање на стандардни оперативни процедури.** Во текот на годината ќе бидат преземени активности за ревидирање на стандардните оперативни процедури на националното друштво за делување при итни состојби преку инкорпорирање на новите практики и интегрирање на содржини кои ќе обезбедат функционално делување на организацијата во услови на итни состојби.

**Промоција на хигиена.** Преку активностите за намалување на ризици од катастрофи ќе се реализираат едукации во образовните институции со посебен акцент на промоција на хигиена во услови на пандемија, со цел учениците да се запознаат со правилните постапки за заштита од пандемија.



**Климатски промени.** Во однос на „Климатскиот одговор", ќе бидат организирани едукативни активности за адаптација кон климатските промени, со различни целни групи. Посебен акцент ќе биде ставен на подигање на свеста на населението за ефектите и последиците од климатските промени и постапување во такви околности како и обезбедување на поддршка за ранливи целни групи при топлотни и ладни бранови во државата. Активностите ќе се спроведуваат преку мобилизирана поддршка од домашни и странски партнерски организации.

**Меѓународна соработка.** Ќе се имплементира регионалниот ЕУ проект за "Зајакнување на прекугранична подготвеност преку заедничко управување со залихи за итни случаи во ЈИ Европа" во кој е носител Австриски Црвен крст, а учествуваат националните друштва на Црвен крст на РСМ, Србија, Црна Гора и Хрватска и претставници на цивилните заштити од регионот.

**Проектот X-STOCK** ќе ги идентификува постојните недостатоци за обезбедување на прекуграничен одговор при вонредни состојби во однос на политиките, логистичките процедури, стокови резерви за вонредни состојби кој треба да резултира со прекугранични договори за олеснување на транспортни процедури на хуманитарна помош и опрема.

**Соработка со институции.** Континуирано ќе продолжи соработката со институциите на системот, како што се Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерствата за внатрешни работи и одбрана и други институции кои се дел од системот за делување при кризни состојби. Ќе се работи на унапредување на соработката со високите образовни институции преку спроведување на дисеминациски активности со студенти за да се обезбедат дополнителни знаења за улогата на Црвениот крст при природни катастрофи, но и во конфликтни подрачја.

**Вежбовни активности.** Црвен крст на РСМ ќе учествува во спроведувањето на NATO EADRCC вежбата "Северна Македонија 2021",во планирачката група, и со тимови за спасување на вода, тимови за спасување на планина, тимови за логистика како и манекени/играчи на улоги на вежбата во септември 2021 год.

**Безбедност на вода.** Активностите на овој план ќе бидат насочени кон зајакнување на капацитети на Центрите за безбедност на вода во Охрид и Скопје, со акцент на планирање и спроведување на активности за спасување на вода, обука на спасителите, воспитување, едукација и стручно усовршување за спасувањето на вода, контрола на психофизичките и функционални способности на спасителите на вода, стручно - советодавна и стручно - информативна работа, планирање на програми и проекти за утврдување на доктринарни ставови во едукацијата на спасители, документирање на стручната литература, креирање, планирање и организирање на пропагандни кампањи и акции.



**Спасување на планина.** Црвениот крст на РСМ, преку тимовите и станиците за спасување на планина во Охрид (ООЦК Охрид ) и Скопје (Црвен крст на град Скопје) континуирано во текот на годината за време на викендите, празниците, на настани и на повик ќе обезбедуваат поддршка и помош за граѓаните. Тимот за спасување на планина на ООЦК Охрид во рамките на ИПА Проектот за меѓугранична соработка со Република Албанија со цел обезбедување на безбедна локација за туризам на Охридското Езеро континуирано ќе работи на надградба на човечките и материјалните капацитети за спасување во регионот. Тимот за спасување на планина на ЦКГ Скопје со поддршка на градот Скопје во текот на 2021 година ќе продолжи со обезбедувања во Спасителната станица Даре Бомбол на Водно и спасителната станица на Матка. Посебен акцент ќе се стави на формирање на нова спасителна станица во Битола.

**Фонд за подготвеност и одговор при катастрофи на Црвен крст на РСМ.** Во 2021 година, континуирано продолжува функционирањето на Фондот за подготвеност и одговор при катастрофи кој ќе се користи за обезбедување на стокови резерви со хуманитарна помош (прехранбени, хигиенски продукти и сл.), обезбедување на хуманитарна помош во итни ситуации, логистичка поддршка, осигурување на материјално технички средства и лица, ангажирање на единицата за одговор при катастрофи, евакуација и сместување во случај на катастрофа, како и надградба на капацитетите на Центарот за катастрофи.



## Очекувани резултати:

- Подигната јавната свест за заштита и самозаштита од катастрофи.
- Воспоставен нов систем за функционирање на подготвеност, одговор и логистика во катастрофи на Црвен крст на РСМ (тренинг центар, оперативен центар, логистички центар).
- Унапредена соработка со институциите преку симулациски вежби, во рамки на државниот систем за одговор при катастрофи.
- Воспоставен систем за командување и управување со катастрофи (НИКС платформа).
- Надградени капацитети на Црвен крст на РСМ преку фондот за подготвеност и одговор при катастрофи на Црвен крст на РСМ.
- Подигната е јавната свест за хигиенизација и заштита од пандемија.

# ПРОГРАМА ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА МИГРАНТИ /БЕГАЛЦИ ВО РСМ

Црвен крст на РСМ од 2014 година активно работи на обезбедување на грижа и материјална поддршка за мигранти и ирегуларни мигранти кои се движат или престојуваат во Република Северна Македонија. Во 2021 година националното друштво продолжува со спроведување на активности за поддршка на овие целни групи во ПТЦ "Винојуг" – Гевгелија и "Табановце"–Куманово, Центарот за странци во Скопје како и за ирегуларните мигранти во пограничните региони на државата (граница со Србија и Грција), преку теренски активности на мобилните тимови на Црвен крст. Поддршката е во форма на дистрибуција на хуманитарна помош во пакети со храна, индивидуални пакети со хигиена за мажи и жени, пакети за бебиња и пелени, вода, ќебиња, облека и обувки како и дистрибуција на топли оброци и топли напитоци. Храната се затоплува и послужува во наменски поставените мобилни кујни. Тимовите на Црвениот крст на терен ќе продолжат со укажување прва помош на мигрантите и бегалците и по потреба ќе се врши транспорт до здравствените институции за секундарна здравствена заштита.

**Главна цел:** Обезбедена медицинска и хуманитарна поддршка за мигранти и бегалци во прифатните центри и лица кои транзитираат низ Република Северна Македонија.

Согласно со актуелните состојби, предвидувањата на Црвениот крст на РСМ за 2021 година се дека ќе биде потребно обезбедување на поддршка за 3000 асистирани мигранти/ бегалци сместено во прифатните центри во ПТЦ "Винојуг" – Гевгелија и "Табановце" – Куманово како и за 25.000 лица ирегуларни мигранти.

**Обезбедување на материјална поддршка.** Согласно проценките од терен, планирана е поддршка за мигрантите и бегалците преку дистрибуција на пакети со храна, пакети со хигиена, средства за дезинфекција, заштитни маски, шишиња со вода, ќебиња, пакети за бебиња и пелени, облека и чевли, топли оброци (готвени јадења) и топли напитоци (чај и супа). Потребните количини ќе зависат од бројот на корисници и обезбедената финансиска поддршка за помош на целната група.

**Поддршка за лица сместени во Прифатниот центар за странци во Скопје и Центарот за баратели на азил – Визбегово Скопје.** Во Прифатниот центар за странци во Скопје и Центарот за баратели на азил – Визбегово Скопје, Црвен крст на РСМ ќе продолжи да обезбедува примарна здравствена заштита, тријажа на мигранти во Центарот и посредување на секундарно и терциерно ниво на здравствена заштита како и психосоцијалната заштита на ранливи целни групи. Ќе се обезбедуваат потребните лекови на неделна основа и хуманитарна помош во прехранбени и непрехрамбени продукти. Планирана е поддршка на Црвен крст на РСМ во Прифатниот Центар за странци–Гази Баба на 25 лица на месечна основа.

**„Водич за бегалци".** Во 2021 година ќе продолжи континуирана поддршка на лицата под супсидијарна заштита преку моделот „Водич за бегалци" и со поддршка на обучени волонтери, како и креирање на посебни програми за работа и лична надградба на капацитетите и вештините на лицата баратели на азил, нивните деца и интегрирање во активностите на организацијата со волонтерите на Црвен крст. Индикатор за активности со лица кои ќе бидат дел активностите за рана интеграција е 50 а за интеграција во заедницата е 10 лица.

Активностите ќе се имплементираат во соработка со УНХЦР, УНИЦЕФ, ИОМ, Македонски Каритас, Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународниот Комитет на Црвен крст, Министерството за Труд и Социјална Политика, Министерството за Здравство, Министерството за Внатрешни Работи и локални невладини организации.

## Очекувани резултати:

- Обезбедени 10.000 асистенции и интервенции по прва помош.
- Обезбедени 150 медицински транспорти.
- Обезбедена материјална помош, здравствена и психолошка поддршка за потребите на целните групи.
- Обезбедени услуги за воспоставување на семејни врски.
- Обезбедена медицинска и хуманитарна асистенција на мигрантите и бегалците во услови на пандемија со КОВИД-19.
- Креирани и адаптирани програми за баратели на азил и лица под супсидијарна заштита, со цел нивна полесна рана интеграција и интеграција во заедницата.





# ДИСЕМИНАЦИЈА

Програмата за дисеминација е едно од најважните средства за промовирање на работата на Црвениот крст. Таа претставува основна нишка за споделување информации за Црвениот крст, за историјата и значењето на нашето Движење, за нашите седум основни принципи, за амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина, за помошната улога на Црвениот крст во државата, за промовирање на меѓународното хуманитарно право, за поттикнување на хуманитарното образование како пристап на Движењето, за мобилизирање на нови волонтери и членови и поддржувачи на организацијата,за подигнување на јавната свест за значењето и улогата на Црвениот крст во државата и потребата од заштитата на амблемот и персоналот на Црвениот крст во извршување на својот мандат и задачи согласно со Женевските Конвенции и Дополнителни Протоколи и Законот за Црвен крст на РСМ.

**Главна цел:** Дисеминирани знаења за Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина и меѓународно хуманитарно право.

**Целни групи:** Вработени и волонтери на Црвен крст, студенти, претставници на АРМ и МВР, претставници на власти во државата.

**Клуб на дисеминатори за меѓународно хуманитарно право.** Почитувањето на меѓународното хуманитарно право (МХП) е една од основните заложби на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина кое почива на одредбите од Женевските Конвенции и Дополнителни Протоколи. Црвениот крст посветено работи на промовирање на МХП во државата. Во 2019 година Црвениот крст на РСМ го формираше Клубот на дисеминатори за МХП, кој има цел да даде есенцијална поддршка во промовирање на МХП преку организирање и промовирање активности на националното друштво во сферата на меѓународното хуманитарно право со различни целни групи во државата, особено пред студентската младина, АРСМ и МВР и сите одговорни институции кои имаат одредена улога во промовирањето и дисеминирањето на МХП во РСМ, пред се парламентот на РСМ и владините министерства. Клубот во кој членуваат истакнати дисеминатори и универзитетски стручни лица за МХП преку годишната програма, организира обуки за студенти по МХП и други целни групи од интерес.

**Национален комитет за меѓународно хуманитарно право.** Комитетот е со седиште во Црвен крст на РСМ и е формиран како оперативно национално координативно тело во РСМ согласно меѓународните инструменти од областа на МХП како сегмент на меѓународното право чиј член е Република Северна Македонија, заради обезбедување на ефикасна имплементација на национално ниво. Националниот комитет работи на прашања и дава препораки кои се однесуваат на: хармонизација на националното законодавство со МХП; ефективна имплементација на МХП преку преземање и следење на практични мерки и активности; дисеминација на МХП во различни на соработката и координацијата со надлежни институции. Во 2021 ќе се реализира 1 работна средба.

**Дисеминациски обуки.** Црвениот крст низ дисеминациските активности, има оспособено дисеминатори во сите општински организации на Црвен крст кои во текот на годината вршат едукација и шират знаења за различни целни групи во локалните средини. Во 2021, согласно со можностите и состојбата со КОВИД-19 ќе се реализираат обуки за младите во образовниот процес, дисеминациски сесии со Армијата на Република Северна Македонија и претставници на Министерството за Внатрешни Работи на Република Северна Македонија.



## Очекувани резултати:

- Едуцирани дисеминатори за специфични целни групи.
- Едуцирани дисеминатори за МХП за специфични целни групи.
- Зголемен е бројот на едуцирани лица за МХП според претходно утврдените целни групи.
- Унапредена соработка и обезбедена поддршка од МКЦК за спроведување на програмата за дисеминација.





# "ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ"

"Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности" (ЦКА-ПХВ) повеќе од 20 години е национална алатка за привлекување и задржување на волонтери во редовите на Црвениот крст. Приоритети на програмата се зголемување на бројот на волонтерите на возраст до 17 години во сите ООЦК, промоција на организацијата, подобрување на имиџот на организацијата, ублажување на страдања на ранливото население, промовирање на активно знаење и активен пристап на овие млади лица кон животот, преку вредностите и принципите на Црвениот крст.

**Главна цел:** Мисијата на програмата е промоција на културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество.

**Целни групи:** Млади луѓе во РСМ.

Со одлука на Раководен Одбор на Црвениот крст на РСМ а заради безбедноста на волонтерите во Црвениот крст, програмата во 2020 година беше прекината заради појава на пандемија КОВИД-19. ЦКА-ПХВ програма во 2021 година ќе биде реорганизирана и ќе го користи истиот пристап кој го користи и Министерството за образование - далечинско учење. Програмата има 30 обучени национални ЦКА-ПХВ инструктори кои го формираат ЦКА-ПХВ Колегиумот. Ќе бидат искористени внатрешните капацитети на ПХВ тимот и ќе се понудат квалитетни предавања, работилници и сесии за зајакнување на капацитетите на волонтерите во општинските организации на Црвен крст.

На месечно ниво се планира одржување на 4 работилници, кои ќе бидат спроведувани во ист ден, во ист час за полесна и подобра организација на волонтерите. Темите ќе бидат: дисеминација, комуникациски вештини, тимска работа, филозофија на волонтирање, позитивниот пристап на решавање на проблемите, кариерно советување за младите за нивното понатамошно едуцирање и други теми на предлог на инструкторите. Во месец септември традиционално ќе биде организирана и ПХВ неделата во периодот од 21 до 27 септември.

## Очекувани резултати:

- Со имплементација на програмата на еден ваков изменет начин, се очекува да се одржат од 30 до 35 работилници. Планирано е да бидат опфатени 5.000 младинци со обуката на различни теми. На овој начин ќе ги направиме промените во нивната дневна рутина но и ќе ги зајакнеме нивните вештини и ќе ги направиме поподготвени за нови предизвици.




## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ

Националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина со поддршка на Меѓународниот Комитет на Црвен крст со децении прават исклучителни напори за воспоставување на семејни врски. Потенцирајќи го искуството и континуитетот на активностите на Службата за барање-Воспоставување на семејни врски на Црвениот крст на Република Северна Македонија, како обврска делегирана од страна на државата, присутна е свест и волја за натамошен стратешки пристап, развивање на сопствените капацитети и на партнерските односи. Од сето ова произлегува и потребата за постојана надградба на капацитетите на сите нивоа на дејствување на Службата за барање-Воспоставување на семејни врски, за да се постигне ефективен и доволен одговор на хуманитарните потреби на населението на овој план.

- Активностите на Службата за барање, за решавање на барања пристигнати од национални друштва, како и случаи за воспоставување на семејни врски поврзани со мигрантската криза, преку логистичката поддршка на тимовите на Службата за барање на терен.
- Подготовка на месечни извештаи и статистики и нивно навремено испраќање до Регионалниот информативен Центар за воспоставување на семејни врски во Канцеларијата на МКЦК во Белград.
- Присуство на меѓународни состаноци на Службите за барање, заради следење и унапредување на програмите за воспоставување на семејни врски во рамките на националните друштва.
- Адвокативни активности со Владата и владини институции и партнерски организации на терен, заради поуспешна реализација на активностите на Службата за барање-Воспоставување на семејни врски.






## КОМУНИКАЦИИ И СОВРЕМЕНИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ ПРОЦЕС

За успешно работење во текот на 2021 година националното друштво ќе преземе низа активности за подобрување на комуникацијата и унапредување на односите со јавноста. Наша обврска е да бидеме транспаренти и одговорни во работењето, додека предизвик преставуваат алатките преку кој се промовираме.

**Социјални медиуми на Црвен крст на РСМ.** Долгогодишна заложба на Црвениот крст е отворено да споделува информации за граѓаните и партнерите и да обезбеди нивна вклученост во клучните одлуки и проектите што имаат влијание на пошироко општествено опкружување. Комуникациската стратегија на Црвениот крст е заснована на широко ангажирање во заедницата и обезбедување повратни информации од поединци и специфични фокус групи. Онлајн комуникациите се можност за поголема вклученост на луѓето во работата на Црвениот крст и поголема информираност за програмите и проектите во заедниците и можностите за вклучување во активностите на организацијата.

**Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст ИНФО** претставуваат пример на успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници и поддржувачи за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Е-весникот и понатаму ќе се издава двапати неделно и во текот на 2021 година се предвидува негово издавање до 100 броја.

**Промотивните материјали** кои се дефинирани во Законот за Црвениот крст, кои се и потреба на голем број на проектни активности и стратешки документи во рамките на издавачката дејност на националното друштво и оваа година редовно ќе се изработуваат со креативни и атрактивни едукативни содржини. Во соработка со Македонска пошта ќе се издаваат и поштенски марки со содржини поврзани со традиционалниот календар на Црвен крст. Црвениот крст со издавањето на доплатните поштенски марки, филателистички материјали и ФДЦ пликови, максимум карти и користење на пригодни жигови за марките, обезбедува поддршка за реализација на своите програми кои имаат за цел подобрување на квалитетот на животот на населението.

**Редовното организирање на прес конференции и брифинзи за новинари** ќе имаат за цел да ја доближат организацијата до медиумите и навремено да се обезбедат соопштенија до медиумите за програмските и проектните активности.

**Односот со медиумите и обуки за новинари** ќе продолжат во насока на дисеминирање на активностите на Црвен крст до медиумите и обезбедување на медиумска поддршка за нашите активностите. Оваа година со обуката ќе бидат опфатени 15 новинари од електронски и пишани медиуми.



# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Постоењето на добар систем за мониторинг и евалуација претставува суштински предуслов за добар програмски менаџмент и отчетност. Системот за мониторингот и евалуацијата на организацијата и обезбедува повратни информации за имплементацијата на програми и проекти кои и обезбедуваат на управата и на раководството можности за следење на остварениот прогрес во работата и преземање на корективни мерки со цел да се подобри имплементацијата на проектите и програмите. На тој начин се подобрува организациско учење и се споделуваат знаења преку навраќање и споделување на искуства и научени лекции. При тоа се унапредува отчетноста во нашата работа и усогласеноста со воспоставените стандарди и други утврдени норми од страна на донаторите. Мониторингот и евалуација исто така нудат можности за обезбедување повратни информации до различни чинители и партиципиенти во имплементацијата на програмите, особено корисниците. На тој начин се унапредува перцепцијата за нашата работа, се овозможува отвореност за критики, и се учи од искуствата.

Системот за мониторинг и евалуација е инкорпориран во сите програми на националното друштво. Податоците за имплементацијата на проектите и програмите се следат преку софтверски систем кој овозможува тековно следење на работата на општинските организации во различни дејности. Во текот на годината ќе се преземат активности за надградување на постојниот систем со обезбедување поддршка за општинските организации на Црвен крст во насока на интегрирање на системот во секојдневната работа. Мониторингот и евалуација во однос на работата на стручната служба на Црвен крст на РСМ се реализира преку воспоставен систем за неделно, месечно, квартално и годишно известување (планови и извештаи) и подготовка на периодични анализи за имплементација на различни проекти и програми. Во тековната година посебен акцент ќе се стави на инкорпорирање и интегрирање на Docushare програмата  во правец на понатамошна дигитализација на работењето на националното друштво.

Во последната деценија успешно е воведен систем за процена и анализа на работата на општинските организации преку кој се следат перформансите и резултатите во сите програмски дејности на интегралните делови на националното друштво. Овој систем овозможува редовно следење на работата на сите нивоа на организациска поставеност со индивидуални согледувања, и препораки за работата на секоја поединечна ООЦК/ЦКГ Скопје со цел да се надминат одредени недостатоци во работата и да се преземаат активности за подобрување на компетенциите на човечките ресурси и унапредување на одредени сегменти од работата во оние средини каде што има потреба за тоа. Во 2021 година ќе се спроведат активности за прибирање на нови показатели од ООЦК во однос на процена на тековните состојби и потреби на организацијата на локално ниво.

Во рамки на системот за мониторинг и евалуација националното друштво изготвува печатени тријазични изданија на Програма за Работа и Годишен Извештај кои обезбедуваат показатели за успешноста во работењето на организацијата и се одлични алатки за отчетност и транспарентност. Овој систем е надополнет и со редовни неделни изданија на електронски весник на националното друштво кој овозможува следење и презентирање на активностите пред партнери, соработници, корисници и општата популација во земјата. Надополнето со интернет страната на Црвен крст на РСМ и редовното присуство на социјалните медиуми, системот за мониторинг и евалуација нуди можности за презентирање на нашите планови, унапредување на нашата отчетност и можност за редовни комуникации и обезбедување повратни информации за перцепциите на нашите партнери и читатели.





## БИДЕТЕ ДЕЛ ОД ЦРВЕНИОТ КРСТ - ПРИКЛУЧЕТЕ НИ СЕ

Се потпираме на искуствата и компетенциите на волонтерите и службата на Црвениот крст на РСМ во дизајнирањето и спроведувањето на нашите хуманитарни активности со цел да бидеме обединети во нашите планирања, насоки и посакуван напредок.

Место за сите. Нашите човечки ресурси се нашата движечка сила. Без разлика дали сте тинејџер и сакате да научите што значи да се биде млад хуманитарец, или сте во поодминати години и продолжувате да го давате вашиот придонес во општинските организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје - ве цениме и многу сте ни потребни. Додека напредуваме заедно, има можности сите да бидат вклучени во нашата работа. Иднината е светла за Црвениот крст на РСМ - заедно, преку мобилизирање на моќта на хуманоста ќе го подобруваме  животот на ранливото население и ќе ја зајакнуваме отпорноста на нашите заедници.

Сакате да ни помогнете да направиме разлика? Дали тоа што го прочитавте во нашата Програма за работа за 2021 година ве инспирира да направите нешто?  Ако е така, тогаш приклучете се на Црвениот крст на РСМ и бидете дел од најголемото хуманитарно движење.

Зачленете се во Црвениот крст на РСМ. Станете наш волонтер.

Посетете ја нашата интернет страница:redcross.org.mk, и откријте повеќе што работиме. Приклучете ни се!

# БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021

Црвениот крст на Република Северна Македонија во својот буџет јасно ги прикажува годишните приоходи и расходи, кои овозможуваат конструирање на начинот на финансирање на организацијата и можноста за спроведување на одредена активност, стратегија и план.

Вкупниот Буџет за 2021 година е зголемен за 19,12 % во однос на Буџетот од 2020 година. Зголемувањето се должи како резултат на обезбедени средства преку проекти за одговор на предизвици од КОВИД 19, приходи од услуги за лична асистенција на лица со попреченост и нега на стари лица и лица со попреченост во домашни услови, како и зголемените приходи со отпочнување на имплементација на измена и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Од вкупните приходи, планираните сопствени приходи оваа година учествуваат со 38,24 % и во номинален износ се зголемени во однос на 2020 година а приходите од органи и донатори учестуваат со 61,76 % и бележат зголемување во номинален износ во однос на 2020 година кога истите учествуваа со 68,51 %.

Во делот на расходите, капиталните расходи учествуваат со 3,6%, тековните расходи изнесуваат 92,16% а расходите за донација и помош изнесуваат 4,24% од вкупните расходи. Оваа година политиката на организацијата е насочена кон развојот на општинските организации на Црвен крст преку фондови за развој, видливост и итен одговор на катастрофи кои се наменети исклучиво за поддршка, тековното работење и развој на ООЦК/ЦКГС, согласно одредбите од правилниците за секој фонд поединечно. Од вкупните расходи во Буџетот за 2021 година 18,53% се однесуваат на трошоци за централата на ЦКРСМ, додека 81,47% од вкупниот Буџет се наменети за општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје. Исто така важно е да се напомене дека од вкупните трошоци на централата, 52,28% се директни трансфери во ООЦК за реализација на програмските активности а во номинален износ се зголемени во однос на 2020 година како резултат на трансфер на средствата од обезбедени проекти од странски донатори.

Како трошок на централата на ЦКРСМ се опфатени трошоците за плата на вработените, материјалните трошоци, како и трошоците за тековно одржување. Во делот на трошоци наменети за ООЦК/ЦКГС опфатени се трошоци за проекти обезбедени од донатори или за програми обезбедени од институции.

Црвениот крст на Република Северна Македонија преку следење на модерните текови за осовременување и усовршување на материјално - финансиско работење, овозможува транспарнтност и отчетност во работењето, автоматска обработка на податоците, брз проток на информации и финансиски показатели, точна и сеопфатна база на финансиски податоци и зголемување на капацитетите на националнотот друштво во целост.

Буџетот на ЦКРСМ е реален, сеопфатен, структуиран, прецизен и избалансиран а планираните средства во Буџетот за 2021 година, ЦКРСМ ќе ги користи наменски, рационално и економично, со потполна транспарентност и отчетност.



# БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021

| | % | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **100.00** | **124,239,157.00** | **104,297,540.00** | **60,052,708.00** |
| Сопствени извори | 38.24 | 47,504,800.00 | 34,213,800.00 | 19,887,628.00 |
| Од органи и донатори | 61.76 | 76,734,357.00 | 70,083,740.00 | 40,165,080.00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **100.00** | **124,239,157.00** | **104,297,540.00** | **60,052,708.00** |
| Тековни расходи | 92.16 | 114,500,457.00 | 101,909,340.00 | 53,246,008.00 |
| Капитални расходи | 3.60 | 4,476,400.00 | 1,336,400.00 | 1,606,700.00 |
| Помош и донации | 4.24 | 5,262,300.00 | 1,051,800.00 | 5,200,000.00 |
| **РАЗЛИКА** | | **0.00** | **0.00** | **0.00** |

## П Р И Х О Д И

| ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2021 | Буџет 2020 | Буџет 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | |
| Министерство за труд и социјална политика - програмски активности | 9,075,000.00 | | 9,075,000.00 | 9,075,000.00 | 6,000,000.00 |
| Крводарителство (Министерство за Здравство) | | 8,000,000.00 | 8,000,000.00 | 8,500,000.00 | 6,600,000.00 |
| Социјално - хуманитарни програми | 2,000,000.00 | 3,300,000.00 | 5,300,000.00 | 2,623,000.00 | 3,150,000.00 |
| Организација и развој | 200,000.00 | | 200,000.00 | 400,000.00 | 11,960,000.00 |
| Фонд за развој и проекти | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | 1,728,000.00 | |
| 5% за набавка и надоградба на софтвер и опрема | 297,000.00 | | 297,000.00 | 297,000.00 | |
| Прва помош | 5,500,000.00 | | 5,500,000.00 | 3,800,000.00 | 3,250,000.00 |
| Превентивно - здравствени програми | | 4,012,794.00 | 4,012,794.00 | 0.00 | 3,393,760.00 |
| Развој и работа со млади | 450,000.00 | | 450,000.00 | 210,000.00 | 866,000.00 |
| Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | | 11,229,254.00 | 11,229,254.00 | 1.696,640.00 | 863,320.00 |
| Фонд за итен одговор на катастрофи | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | 1,728,000.00 | |
| 10% за програмски активности за катастрофи | 594,000.00 | | 594,000.00 | 594,000.00 | |
| Дисеминација и МХП | | 152,400.00 | 152,400.00 | 0.00 | 197,600.00 |
| ЦК во акција - ПХВ | | | 0.00 | 300,000.00 | 300,000.00 |
| Односи со јавност | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Фонд за видливост | 1,404,000.00 | | 1,404,000.00 | 1,404,000.00 | |
| Служба барање | | 589,909.00 | 589,909.00 | 1.905,500.00 | 920,400.00 |
| Меѓународна соработка | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Проектно работење и мобилизирање на фондови | 3,690,000.00 | | 3,690,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | 0.00 | 507,600.00 | 0.00 |
| Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | 250,000.00 | 250,000.00 | 400,000.00 | |
| **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | |
| Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,770,000.00 | | 1,770,000.00 | 1,770,000.00 | 1,180,000.00 |
| Донација од физички лица | 200,000.00 | | 200,000.00 | 140,000.00 | 350,000.00 |
| Донација од правни лица | 600,000.00 | | 600,000.00 | 600,000.00 | 500,000.00 |
| Доплата марки ( од законот на ЦК ) | 100,000.00 | | 100,000.00 | 400,000.00 | 300,000.00 |
| Од закупнинана деловен простор | 1,918,800.00 | | 1,918,800.00 | 1,918,800.00 | 1,918,800.00 |
| Од регистрација возила | 10,800,000.00 | 49,200,000.00 | 60,000,000.00 | 60,000,000.00 | 14,202,828.00 |
| Од курсеви за спасители на вода | 50,000.00 | | 50,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Пренесени средства од минатата година | 5,400,000.00 | | 5,400,000.00 | 4,200,000.00 | 4,000,000.00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **47,504,800.00** | **76,734,357.00** | **124,239,157.00** | **104,297,540.00** | **60,052,708.00** |

## РАСХОДИ

| ОПИС | Сопствени извори | Приходи од органи /донатори | Буџет 2021 | Буџет 2020 | Буџет 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| **ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | | | | |
| Бруто плата на вработени | 14,311,176.00 | 2,331,624.00 | 16,642,800.00 | 14,472,000.00 | 12,072,964.00 |
| Надомест за годишен одмор | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Други надоместоци | 60,000.00 | | 60,000.00 | 40,000.00 | 40,000.00 |
| **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК** | | | | | |
| Персонален данок од надоместоци (дневници, јубилејни награди) | 30,000.00 | | 30,000.00 | 30,000.00 | 30,000.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | **14,401,176.00** | **2,331,624.00** | **16,732,800.00** | **14,542,000.00** | **12,142,964.00** |
| **ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| Патување во странство | 250,000.00 | | 250,000.00 | 250,000.00 | 100,000.00 |
| **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| Електрична енергија | 660,000.00 | | 660,000.00 | 660,000.00 | 780,000.00 |
| Водовод и канализација | 48,000.00 | | 48,000.00 | 60,000.00 | 60,000.00 |
| Ѓубретарина | 90,000.00 | | 90,000.00 | 90,000.00 | 90,000.00 |
| **ЗАТОПЛУВАЊЕ** | | | | | |
| Централно греење | 480,000.00 | | 480,000.00 | 480,000.00 | 480,000.00 |
| **КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | | | | | |
| Пошта | 30,000.00 | | 30,000.00 | 30,000.00 | 30,000.00 |
| Телефон и телефакс | 780,000.00 | | 780,000.00 | 720,000.00 | 751,200.00 |
| Дневници во земјата и во странство | 50,000.00 | | 50,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Гориво | 300,000.00 | | 300,000.00 | 360,000.00 | 420,000.00 |
| Трошоци за регистрација возила | 435,000.00 | | 435,000.00 | 435,000.00 | 435,000.00 |
| Други расходи за транспорт(патарина,миење коли, лепење гуми) | 84,000.00 | | 84,000.00 | 84,000.00 | 50,000.00 |
| **МАТЕРИЈАЛИ** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 220,000.00 | | 220,000.00 | 220,000.00 | 120,000.00 |
| Претплата за списанија и стручна литература | 46,000.00 | | 46,000.00 | 46,000.00 | 41,000.00 |
| Ленти, касети и друго за АОП | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Копирање,печатење и издавање материјали | 1,190,000.00 | 1,581,000.00 | 2,771,000.00 | 2,395,000.00 | 1,676,100.00 |
| Организација и развој | | 200,000.00 | 200,000.00 | 200,000.00 | 0.00 |
| Односи со јавност | 170,000.00 | | 170,000.00 | 150,000.00 | 99,000.00 |
| Дисеминација и МХП | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Превентивно - здравствени програми | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Прва помош | | | | | |
| Меѓународна соработка | 280,000.00 | | 280,000.00 | 280,000.00 | 767,100.00 |
| Крводарителство | | 1,025,000.00 | 1,025,000.00 | 1,025,000.00 | 200,000.00 |
| Социјално - хуманитарни програми | 100,000.00 | 356,000.00 | 456,000.00 | 100,000.00 | 260,000.00 |
| Служба барање | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Проектно работење и мобилизирање на фондови | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 0.00 |
| Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | 590,000.00 | | 590,000.00 | 590,000.00 | 20,000.00 |
| Подготвеност и одговор при катастрофи | | | 0.00 | 0.00 | 50,000.00 |
| Развој и работа со млади | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | | | |
| Пијалоци, прехрамбени продукти средства за хигиена | 168,000.00 | | 168,000.00 | 173,000.00 | 200,000.00 |
| Материјали за противпожарна заштита | 20,000.00 | | 20,000.00 | 20,000.00 | 20,000.00 |
| Материјали со специјална намена (медицински материјали, електро материјали) | 160,000.00 | 442,000.00 | 602,000.00 | 603,528.00 | 602,000.00 |
| Други материјали | 450,000.00 | | 450,000.00 | 450,000.00 | 300,000.00 |
| **ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| Поправка и одржување коли | 250,000.00 | | 250,000.00 | 250,000.00 | 250,000.00 |
| Трошоци за одржување опрема | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Трошоци за одржување зграда | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 200,000.00 |
| Одржување на софтвер и хардвер | 516,000.00 | | 516,000.00 | 516,000.00 | 691,500.00 |
| **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| Адвокатски услуги | 120,000.00 | | 120,000.00 | 120,000.00 | 120,000.00 |
| Семинари и состаноци | 6,738,500.00 | 7,725,962.00 | 14,464,462.00 | 9,366,650.00 | 7,286,670.00 |
| Организација и развој | 20,000.00 | 347,000.00 | 367,000.00 | 20,000.00 | 1,840,000.00 |
| Односи со јавност | 25,000.00 | | 25,000.00 | 30,000.00 | 65,000.00 |
| Дисеминација и МХП | 3,000.00 | | 3,000.00 | 0.00 | 350,000.00 |
| ЦКА - ПХВ | | | 0.00 | 150,000.00 | 150,000.00 |
| Превентивно - здравствени програми | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| Прва помош | 410,000.00 | | 410,000.00 | 410,000.00 | 410,000.00 |
| Крводарителство | | 375,000.00 | 375,000.00 | 375,000.00 | 452,900.00 |
| Социјално - хуманитарни програми | 3,125,000.00 | 2,620,000.00 | 5,745,000.00 | 3,434,000.00 | 950,000.00 |
| Служба барање | 10,000.00 | 103,567.00 | 113,567.00 | 741,250.00 | 398,400.00 |
| Проектно работење и мобилизирање на фондови | | | 0.00 | 0.00 | 10,000.00 |
| Развој и работа со млади | | | 0.00 | 0.00 | 980,000.00 |
| Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | 610,400.00 | 3,772,795.00 | 4,383,195.00 | 1,100,800.00 | 278,370.00 |
| Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | 100,000.00 | | 100,000.00 | 500,000.00 | 0.00 |
| Седници и работење на Раководен Одбор | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 400,000.00 |
| Собрание на ЦКРСМ | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Состанок со секретарите / претседатели | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Државен натпревар по прва помош | 350,000.00 | | 350,000.00 | 350,000.00 | 350,000.00 |
| Совет на млади/ Координативно тело/ Академија за млади | 178,100.00 | | 178,100.00 | 147,000.00 | 66,000.00 |
| Младински камп / Европски координативен состанок | 150,000.00 | | 150,000.00 | 150,000.00 | 336,000.00 |
| Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | 507,600.00 | 507,600.00 | 507,600.00 | |
| Семинари и состаноци | 1,407,000.00 | | 1,407,000.00 | 1,101,000.00 | |
| Банкарска провизија | 80,000.00 | | 80,000.00 | 80,000.00 | 80,000.00 |
| Осигурување на имот и обезбедување на обијекти | 250,000.00 | | 250,000.00 | 250,000.00 | 50,000.00 |
| Други финансиски услуги (договори за повремени и привремено ангазирање) | 1,029,012.00 | 3,535,801.00 | 4,564,813.00 | 2,234,162.00 | 2,886,214.00 |
| Други договорени услуги (царина,работници за пакување хум.помош),судки решенија,кирај | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| Надворешна ревизија | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Членарина во меѓународни организации | 206,000.00 | | 206,000.00 | 206,000.00 | 150,000.00 |
| **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| Обезбедување на фондови | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | | 50,000.00 | 50,000.00 | 350,000.00 | 200,000.00 |
| **ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ** | | | | | |
| Трансфери до ООЦК | 265,000.00 | 64,950,382.00 | 65,215,382.00 | 62,251,000.00 | 22,483,360.00 |
| Фонд за развој | 2,613,000.00 | | 2,613,000.00 | 2,613,000.00 | 0.00 |
| Фонд за видливост | 1,404,000.00 | | 1,404,000.00 | 1,404,000.00 | |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **33,883,688.00** | **80,616,769.00** | **114,500,457.00** | **101,909,340.00** | **53,246,008.00** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **130,331,919.00** | **112,266,990.00** | **62,208,778.00** |
| **КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА** | | | 113,096,457.00 | 100,505,340.00 | 53,246,008.00 |
| Купување канцелариски мебел | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Купување на опрема (Опративен центар) | 86,400.00 | 600,000.00 | 686,400.00 | 686,400.00 | 0.00 |
| **КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА** | | | | | |
| Купување автомобил (кредит за возило) | | 3,690,000.00 | 3,690,000.00 | 600,000.00 | 600,000.00 |
| **ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| Капитални инвестиции во ООЦК | | | 0.00 | 0.00 | 356,700.00 |
| Подршка за развој на ООЦК | | | 0.00 | 0.00 | 500,000.00 |
| Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 100,000.00 | | 100,000.00 | 50,000.00 | 150,000.00 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **186,400.00** | **4,290,000.00** | **4,476,400.00** | **1,336,400.00** | **1,606,700.00** |
| **ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | | | | | |
| Помош, донации и други давања на субјекти во натура | 1,186,800.00 | | 1,186,800.00 | 1,051,800.00 | 5,200,000.00 |
| Помош, донации и други давања на субјекти во пари | | 4,075,500.00 | 4,075,500.00 | | |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ, ПОМОШ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | **1,186,800.00** | **4,075,500.00** | **5,262,300.00** | **1,051,800.00** | **5,200,000.00** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **35,256,888.00** | **88,982,269.00** | **124,239,157.00** | **104,297,540.00** | **60,052,708.00** |

| | | |
|---|---|---|
| Тошоци за Централата на ЦКРСМ | 23,016,388.00 | 18.53 |
| Трошоци за ООЦК | 101,222,769.00 | 81.47 |
| **ВКУПНО** | **124,239,157.00** | **100** |

| | | |
|---|---|---|
| Тошоци во Централата на ЦКРСМ | 32,131,688.00 | 25.86 |
| Трошоци за ООЦК | 92,107,469.00 | 74.14 |
| **ВКУПНО** | **124,239,157.00** | **100.00** |

Служба за финансии и ревизија
Жаклина Поповиќ

Генерален Секретар
д-р Саит Саити

## ПРИХОДИ ВО 2021







## РАСХОДИ ВО 2021




## СТРУКТУРА НА РАСХОДИ НА ЦКРСМ




## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **21-28 февруари** | Недела на борба против срцево-садови заболувања |
| **1-8 март** | Недела на борба против ракот |
| **17 март** | Ден на основањето на Црвен крст на Р. Северна Македонија и Ден на крводарителството на РСМ |
| **8-15 април** | Недела на хигиенизација |
| **8-15 мај** | Светски ден на Црвен крст и Црвена полумесечина и Недела на Црвен крст на Р. Северна Македонија |
| **21 мај** | Ден на осамостојувањето на Црвен крст на Република Северна Македонија |
| **14 јуни** | Светски ден на крводарителството |
| **20 јуни** | Светски ден на бегалците |
| **26 јули** | Ден на Солидарноста |
| **Втора сабота во септември** | Светски ден на првата помош |
| **14-21 септември** | Недела на борба против ТБЦ |
| **21-27 септември** | Неделата на промоција на хумани вредности |
| **1 октомври** | Меѓународен ден на стари лица |
| **1-7 октомври** | Недела на Млади на Црвен крст |
| **10-16 октомври** | Недела на борба против шеќерна болест |
| **10 октомври** | Светски ден на бездомништво |
| **16-22 октомври** | Недела на борба против гладта |
| **18 октомври** | Меѓународен ден за борба против трговија со луѓе |
| **1-30 ноември** | Месец на борба против болести на зависност |
| **Трета недела во ноември** | Недела на грижа за стари лица |
| **1-7 декември** | Недела на борба против ХИВ/СИДА |
| **5 декември** | Светски ден на волонтеризмот |
| **15-21 декември** | Недела на забоздравствена заштита |
| **18 декември** | Меѓународен ден на мигранти |

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

### *ХУМАНОСТ*

Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.

### *НЕПРИСТРАСНОСТ*

Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи.

### *НЕУТРАЛНОСТ*

Со цел да се ужива довербата на сите , Движењето не смее да зазема страни при конфликти или да учествува во контроверзни ситуации од политичка, расна, верска или идеолошка природа.

### *НЕЗАВИСНОСТ*

Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.

### *ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА*

Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.

### *ЕДИНСТВО*

Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвен крст или Црвена полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.

### *УНИВЕРЗАЛНОСТ*

Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности заемно да се помагаат, делува во целиот свет.

**www.redcross.org.mk**